- Преку проектот „Редовно на часови“ поддржан од ФОКИМ „Чекор по чекор“, УСАИД и МОН покрај 32 стипендисти, ученици Роми училиштето обезбеди и финансиска поддршка за имплементација на проектот „Мојата училница – мојот свет“, проект кој ќе се реализира и следната учебна година. Преку овој проект покрај останатото училиштето се здоби со интерактивна табла и наставно – нагледни и дидактички материјали за одделенска настава.
- Преку проектот „Биди ИН, биди Инклузивен, биди Инклудиран“поддржан од ФОКИМ „Чекор по чекор“, УСАИД и МОН покрај 4 стипендисти, ученици со потешкотии училиштето потпиша договор за нова иницијатива преку која еден од тоалетите на првиот кат ќе се адаптира во пристапен тоалет за потребите на лица со физички инвалидитет со што ќе се обезбедат услови за инклузивно училиште.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

<table>
<tr><td>Приоритетно подрачје на промени</td><td><ul><li>Интензивирање на професионален развој на наставниците од училиштето со поддршка на наставник-ментор од училиштето според потребите, предизвиците и измените во Законот за основно образование и Закон за наставници и стручни соработници со акцент на учење од далечина, организирање на настава во домашни услови и работа со ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовно образование.</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Цели (кои промени и унапредувања ќе се постигнат)<ul><li>Подобрување на работата со децата со посебни образовни потреби, надарени деца, децата со потешкотии во учењето и учење од далечина, како и организирање на настава во домашни услови;</li><li>Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирана едукација на наставниот кадар според личен план за професионален развој;</li><li>Реновирање на постоечки објекти.</li></ul>Очекувани исходи (кои се очекуваните исходи од тие промени и како тие промени ќе влијаат врз развојот на училиштето во целина)<ul><li>Таргетирани ученици</li><li>Евидентирани ученици</li><li>Подобрен успех на ученици со ПОП</li><li>Подобрен успех на учениците</li><li>Подобрен квалитет на настава</li><li>Оспособени наставници за препознавање на индивидуалните потреби на ученици со ПОП и реализирање на настава за учење од далечина и организирање на настава во домашни услови</li></ul>Задачи (краткорочни цели, ги прикажуваат промените до кои се доаѓа во пократок временски период)</td></tr>
</table>

- Да се зема активно учество на семинари и обуки организирани од страна на БРО и МОН
- Да се организира десиминација од посетени семинари и обуки
- Да се едуцираат наставниците за примена на платформи за далечинско учење, наставни техники, методи и стратегии на учење
- Запознавање на наставниците со учениците со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост
- Да се едуцираат наставниците за изготвување и примена на ИОП

| **Активности** (кои конкретни чекори треба да се преземат за да се исполни поставената цел) | **Индикатори за успех** (показатели, факти, инфор-мации) | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** (роковите треба да бидат поставени реално) | **Ресурси** (човечки, финансиски, материјални) | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување на динамиката за конкретните активности и одредување на носители на активности | Изготвени програми за конкретни активности со носители, институции и динамика на активности<br>Избрани носители на активности | Наставници кои посетиле обуки<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици | Август | Стручни материјали презентации брошури Професионални досиеја на наставници Личен план за професионален развој на наставници самоевалвација на училиштето записници од стручни активи развојни индивидуални планирања лични планови за професионален развој на наставниците ИОП годишен план за работа на ученички парламент | Тим за професионален развој и наставник-ментор |
| Имплементација на предвидени активности | Подобрен квалитет на знаења на наставниците | | Септември 2021 - јуни 2022 | | |
| Размена на стекнати искуства и знаења преку дисеминација, презентации или изготвени трудови | Афирмирна работа на училиштето и зголемена мотивираност на наставници, ученици | | Септември 2021 - јуни 2022 | | |
| Младинско учество во реализирање на планирани активности | Ставање акцент на креативниот приод за решавање на проблеми.<br>Обработка и примена на податоци преку визуелизација.<br>Вклучување на учениците преку заеднички истражувања и решавање на проблеми.<br>Развивање на чувство на припадност на група со заеднички цели, без ралика на етничка припадност;<br>Зголемување на љубопитноста и мотивацијата на учениците за областите на наука, технологија, математика и уметност; Менување | | Септември 2021 - јуни 2022 | | Тим за професионален развој, ученички парламент и ученик првобранител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на приодите за употреба на технологија во училницата и одлична можност на вклучените нставници за употреба на мултидисциплинарен пристап. Подигнување на свеста на учениците за меѓусебна толеранција и соработка преку заеднички работилници: Продлабочување на знаењата за различните етникуми и култури, нивниот начин на живот како и нивниот стил на учење. | | | | |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

**1. Цел** – Подобрување на работата со ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето

| **Критериум за успех** | **Инструменти** | **Индикатори за успешност** | **Одговорен за следење** | **Повратна информација** |
|---|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на наставата на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Анализи по класификациони периоди и извештаи од натпревари | Зголемен интерес за учење кај учениците | Стручен соработници | Подобрен успех на учениците |
| Подобрен успех на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Табелари | Зголемен интерес за учење кај учениците | Стручна служба | Подобрен успех на учениците |

**2. Цел-** Континуирана едукација на наставниот кадар

| **Критериум за успех** | **Инструменти** | **Индикатори за успешност** | **Одговорен за следење** | **Повратна информација** |
|---|---|---|---|---|
| Квалитет на наставата | Анкета | Зголемен интерес за учење кај учениците | Членови на тим за професионален развој и наставник-ментор | Подобрен квалитет на наставата Подобрен успех на ученици |
| Компетенции на наставниците | Личен план за професионален развој | Зголемено учество на наставници на обуки, десеминации и во работа на | Членови на тим за професионален развој и наставник-ментор | Подобрени компетенции на наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | комисии и тела во училиштето | | |
| Успех на ученици | Табелари | Зголемен интерес за учење кај учениците | Стручна служба | Подобрен успех на ученици |

**3. Цел-** Реновирање на постоечки објекти

| Критериум за успех | Инструменти | Индикатори за успешност | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| Подобрени услови за работа во училиштето и тоа: поставување на фасада со термо-изолација, оградување и хортикултурално уредување на училишен двор, изградба на отворен спортски терен и адаптирање на дел од училишен двор во паркинг простор. | Фотографии пред и после | Подобрени услови за работа и зголемен број на ученици | Директор и тим за реновирање | Подобрени услови за работа и прифаќање на ученици |

# 8. Програми и организација на работата во основното училиште

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштата за учебна 2021/2022 година сеуште не е донесен од страна на МОН. Ве тек се подготовките на скратени наставни програми и изработка на правилници за работа на училиштата во нормални и вонредни состојби. По донесување и објавување на овие документи ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово ќе изработи календар за организиација и работа на училиштето во учебна 2021/2022 година.

Еколошки календар

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |

| | |
|---|---|
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија – ненаставен ден<br>Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија | |

a. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот

| | Наставен предмет | Наставник | Паралелка | Класен раководител |
|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик | Слаѓан Спасовски | VI(а,б,в,г,д) | VIг |
| | | Весна Алексова | VII (а,б,в,г,д) | VIIб |
| | | Елена Милошевска | VIII (а,б,в,г,д) | VIIIв |
| | | Фросина Пешевска | IX (а,б,в,г,д) | |
| | Англиски јазик | Елена Алексиевска | IX(а.б.в.г.д)15<br>V(а.б)-6 | IXб |
| | | Милица Тимчевска | VII(а.б.в.г.д)<br>II(а.б)-4<br>Vв-3 | VIIв |
| | | Мартин Јованчевски | VI(а.б.в.г.д)-15<br>IV(а,б)-6<br>Iiг-2 | VIв |
| | | Биљана Петровска | VIII(а.б.в.)9часа<br>С.Тромеѓа - 13часа | VIIIб |
| | | Ана Нојковска | III(а.б.в.г.д)15 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | I(г.д)<br>II(в.д) | |
| | | Фросина Денковиќ Величковска | I( а,б,в)6 часа<br>IV(в.г.д)9<br>VIII(г,д)6 часа | |
| | | Андријана Стефановска | Нас.Иго Тричковиќ-16<br>V(г.д)-6 | |
| | Француски јазик | Сузана Стаменковска | IX(а,б,в,г,д)- 10<br>VII(а,б,в,г,д)-10 | VIIд |
| | | Надица Стојковска | VIII(а,б,в,г,д)-10<br>VI(а,б,в,г,д)-10 | |
| | Математика | Даниела Стојановска | VI(а,б,в,г,д) | |
| | | Дејан Левковски | VII(а,б,в,г,д) | VIIа |
| | | Габриела Николовска | VIII (а,б,в,г,д) | VIIIа |
| | | Виолета Митровска | IX(а,б,в,г,д) | IXв |
| | Историја | Виолета Вељковска | IX (а,б,в,г,д)- 10<br>VII(а,б,в,г,д)-10 | |
| | | Бојковска Јагода | VI (а,б,в,г,д)-10 | VIIг |
| | | Ненад Ѓоргиевски | VIII(а,б,в,г,д)- 10 | |
| | Географија | Јагода Бојковска | VII(а,б,в,г,д)- 10 | |
| | | Марија Анѓелковиќ Стојановиќ | VIII(а,б,в,г,д)- 10<br>VI(а,б,в,г,д)-10 | VIII г |
| | | Дејан Младеновски | IX(а,б,в,г,д)-10 | IX а |
| | Етика | Јелена Јовановска | VII(а,б,в,г,д)-5 | |
| | Граѓанско | Драгица Јовановска | VIII(а,б,в,г,д)-5 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образование | | IX(а,б,в,г,д)-5 | |
| | Биологија | ДраганаБожиновска | VI(а,б,в,г,д)-10<br>IX(а,б,в,г,д)-10 | VIб |
| | | Бојковска Валентина | VII(а,б,в,г,д)-10<br>VIII(а,б,в,г,д)-10 | |
| | Физика | ГабриелаБошковска | VIII(а,б,в,г,д)-10<br>IX(а,б,в,г,д)-10 | |
| | Хемија | Ивана Димовска Нојковска | VIII(а,б,в,г,д)-10<br>IX(а,б,в,г,д)-10 | VIIIд |
| | Ликовно образование | Јорданчо Давидовски | VI 9(а,б,в,г,д)<br>VIII-(а,б,в,г,д)<br>IX (а,б,в,г,)-14<br><br>IX(в,г,д)-3 групи-6 часа | |
| | Природни науки | Елена Ангеловска | V(а,б,в,г,д)-10 часа | |
| | | Емилија Калешова | V с.Тромеѓа -2 Иго Тричковиќ -2 | |
| | Физичко образование | Невена Стојмановиќ | VII(а,б,в,г,д)-15<br>IX(а,д)-6 | IXд |
| | | Александар Русевски | VIII (а,б,в,г,д)-15<br>VI(г,д)-6 | VIд |
| | | Бојан Ѓорѓиевски ? | IX (в,г,б)-9<br>VI(а,б,в,)-9 | |
| | | Јелена Алексиќ | III (а,б,в,г,д) -15 с.Тромеѓа -3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Иго Тричковиќ-6 | |
| | | Стефан Илиевски | II (а,б,в,г,д) -15<br>с.Тромеѓа -3<br>Иго Тричковиќ-3 | |
| | | Ново финансирање | I (а,б,в,г,д) -15<br>с.Тромеѓа -3<br>Иго Тричковиќ-3 | |
| **Изборни предмети** | | | | |
| | Запознавање со религиите | Татјана Апостоловска | VI (а,б,в,г,д)-10 | |
| | Информатика | Виктор Трајковски | Проекти од информатика VIII(а,б,в,г,д) – 10<br>Проекти од информатикаVII(г)-2 | |
| | | Јовица Ивановски | VI(а,б,в,г,д) – 10 | |
| | | Александар Милановски | VII(а,б,в,г,д) – 5 | |
| | Програмирање | Ѓорѓи Тасевски | VIII(а,б,в,д)- 8 | |
| | Техничко образование | Јовица Ивановски | V(а,б,в,г,д)-10 | VIа |
| | | Александар Милановски | VII(а,б,д)-6 часа<br>VI(а,б,в,г,д)-5 часа<br>V-ИгоТричковиќ-2<br>V с.Тромеѓа – 2 | |
| | Музичко образование | Момчило Сотировски | VI(а,б,в,г,д)-5<br>VIII(а,б,в,г,д)-5<br>Оркестар-3 часа | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Проекти<br>VIII(а,б,г,д)- 8 часа | |
| | | Весна Станојковска | IX(а,б,в,г,д)-5<br>VII(а,б,в,г,д)-5<br>Хор-3 часа<br>Проекти<br>VII(а,б,в,г) – 8 часа | IXг |
| | Проекти од ликовно | Магдалена Аневска | VII (а,б,в,г,д)-6 часа<br>IXд-1 час | |
| | Иновации | Дејан Младеновски | IX(а,б,в,г,д)- 5 часа | |
| | Истражување на родниот крај | Дејан Младеновски | IX(а,б,г)- 6 часа | |

**Листа на одделенски раководители за учебната 2021 /2022 год.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| I а | Милена Ј.Јовановиќ | VII а | Дејан Левковски |
| I б | Марина Трајковска | VII б | Весна Алексова |
| I в | Лидија Николиќ | VII в | Милица Тимчевска |
| I г | Сандра Николиќ | VII г | Јагода Бојковска |
| I д | Зорица Милановска | VII д | Сузана Стаменковска |
| I нас.И.Тр. | Сузана Милковска | | |
| I с.Тромеѓа | Стојанка Атанасовска | VIII а | Габриела Николовска |
| | | VIII б | Билјана Петровска |
| II а | Маја Давидовска | VIII в | Елена М.Деспотовска |
| II б | Емилија Димитриевска | VIII г | Марија А. Стојановиќ |
| II в | Лидија Костиќ | VIII д | Ивана Д. Нојковска |
| II г | Љубинка Велкова | | |
| IIд | Фросина Јаневска | IX а | Дејан Младеновски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II нас.И.Тр. | Татјана Петковска | IX б | Елена Алексиевска |
| II с.Тромеѓа | Дијана П.Јаневска | IX в | Виолета Митровска |
| | | IX г | Весна Станојковска |
| | | IX д | Невена Стојмановиќ |
| III а | Сашка Јордановска | | |
| III б | Валентина Стошевска | | |
| III в | Биљана П.Антовска | VI а | Јовица Ивановски |
| III г | Весна Трендафиловска | VI б | Предметен професор |
| III д | Ангелина Клековска | VI в | Мартин Јованчевски |
| IIIнас.И.Тр.1 | Елизабета Цветковска | VI г | Слаѓан Спасовски |
| III насИ.Тр.2 | Адриана В. Трајковска | VI д | Александар Русевски |
| III с.Тромеѓа | Елизабета Радуловска | | |
| | | | |
| IV а | Дивна Димитриевска | | |
| IV б | Славица Коцевска | | |
| IV в | Владанка Ј. Божурска | | |
| IV г | Биљана Величковски | | |
| IV д | Наталија Димитриевска | | |
| IV нас.И.Тр. | Емилија Стојмановска | | |
| IV сТромеѓа | Виолета Трајковска | | |
| | | | |
| V а | Лидија Лазаревска | | |
| V б | Александра Павловска | | |
| V в | Данијела Стефановска | | |
| V г | Емина С.Денковска | | |
| V д | Маја Стефановска | | |
| V нас.И.Тр. | Снежана Петковска | | |
| V с.Тромеѓа | Марина Стојановска | | |

За секоја паралелка и секој наставник се прави посебно планирање во зависсност од наставниот план и просторни услови на училиштето (двосменско работење) како и според распоред за користење на училишната спортска сала. Наставниот план за 2021/2022 година уште не е донесен од страна на МОН и одбрен од БРО.

## 8.3. Работа во смени

Наставата ќе се изведува од I до IX одделение, во ООУ „Христијан Карпош"-Куманово и од I до V одделение во подрачните училишта во населба Иго Тричковиќ и с.Тромеѓа, а според планот и програмата за ВОД на основните училишта во РСМ и Наставниот план и програмата од I до IX одделение издадени и одобрени од МОН и БРО.
Училиштето ќе работи во две смени: Една смена е одделенска настава а друга смена е предметна настава. Одлуката за работа во вакви смени ја донесе наставничкиот совет поради поголема безбедност на учениците.-дополнително изјаснување за смени.
-Прва смена започнува во 7часот и 15 минути а завршува во 12 часот и 40 минути;
-Втора смена започнува во13часот и 15минути а завршува во 18часот и 40минути.

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 56 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 1155 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 73 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Нема

## 8.6. Комбинирани паралелки

Нема

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

1.Англиски јазик во сите 56 паралелки- вкупно 1155 ученици
2.Француски јазик-во 20 паралелки-вкупно 505 ученици

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

1. Стефан Илиевски – тандем професор во II одделение.
2. Јелена Алексиќ- тандем професор во III одделение.

* Оваа учебна година треба да се ангажира уште еден наставник по физичко и стравствено образование за организирање на тандем настава во I одделение во учебна 2021/2022 година.

## 8.9. Изборна настава

Наставата по изборните предмети ќе се изведува во текот на учебната година согласно изработена интерна процедура за избор. Наставниот кадар преку известувањето на родителите и учениците и преку нивно потполнување на изјави за изборот на наставниот предмет, вршат подготовка за организација на овој вид настава. Тие ќе ги користат Наставните програми за изборните предмети изработени од Бирото за развој на образованието.
Според наставниот план ќе се изведува уште и дополнителна и додатна настава кои имаат задолжителен карактер за училиштето и наставниот кадар.
Наставата се организира и изведува според програми за задолжителни и изборни наставни предмети што се изучуваат според Наставниот план за основното образование. Со постојните материјално, технички и кадровски услови во нашето училиште оваа учебна година ќе бидат застапени следните изборни предмети:

1.Запознавае со религии во VI одделение
2. Народни танци и ора во VII и VIII одделение
3.Програмирање во IX одделение
4.Истражување на родниот крај во IX одделение
5.Унапредување на здравје во VIII одделение
6.Проекти од ликовна уметност во IX одделение
7.Проекти од техничко во VII одделение
8. Проекти од информатика во VII и VIII одделение

## 8.10. Дополнителна настава

Овој вид настава ќе се организира како форма  за пружање помош и поддршка на ученици кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини од било кои причини и по било кој предмет, а во форма на индидвидуализирана настава и посебен приод кон ученикот. Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои ќе се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од прво до деветто одделение и со согласност од родители. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки. Оваа учебна годинасе планира и вклучување на тутор-волонтери, образовни медијатори и образовни ментори, како и соработка со ресурсни образовни центри. Распоредот се изготвува на почетокот на учебната година се истакнува на огласна табла на училиштето и се доставува до ДПИ. Начин на планирање, реализирање и следење на ученици кои посетувале дополнителна настава за секој предмет одделно е опишан како дел од годишно планирање на наставниците за учебна 2021/2022 година.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава ќе се организира како форма за пружање помош на учениците  кои во текот на редовната настава покажале надпросечни резултати и имаат потреба од дополнителни знаења  од одредени наставни подрачја  за кои покажуваат интерес, а поседуваат посебна надареност. За поуспешно реализирање на овој вид настава, училиштето има потреба од  кабинетска настава како и повеќе училници, за што има доставено барање за доградба на училнички простор до соодветните институции.

Во реалицацијата на редовната и другите видови настава училиштето ќе настојува  да ги користи сите можни потенцијали што ги пружа локалната средина, користејки ја помошта  во тој поглед што може да ја даде  Советот на родителите  и другите стручни кадри од било кој профил, а кои се во реонот на училиштето и блиската околина. За соработка со локалната средина  ќе се грижи посебна комисија  со изготвена програма  како прилог на оваа Програма. Распоредот се изготвува на почетокот на учебната година се истакнува на огласна табла на училиштето и се доставува до ДПИ. Начин на планирање, реализирање и следење на ученици кои посетувале додатна настава за секој предмет одделно е опишан како дел од годишно планирање на наставниците за учебна 2021/2022 година.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

| | Активности | носители | време | инструменти | Форми на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентифи-кација | 1.Дијагностицирање на надареноста-талентот<br>2.Разговор со ученикот за вклучување во индивидуални или групни активности<br>3.Разговор со родители за вклучување во индивидуални и групни активности според талентот<br>-Прибирање на претходно постигнати резултати на ученикот од училиштето и надворешни институции(музичко и балетско училиште, спортски клубови , ликовни секции и др) | -Наставници<br>-Стручни соработници<br>-Родители | Почеток на учебната година | Прашалници за упис во прво одд. обсервација за време на часови постигнати реултати по наставниот предмет<br>Освоени награди на ниво на училиште или надвор од училиштето | индивидуална<br>групна<br>истражувачка |
| Следење на напредок от на учениците | -изготвување Индивидуален лист за постигањата зај ученикот<br>-секојдневно следење од одделенскиот или предметниот наставник и бележење на постигањата<br>-евидентирање на успесите на учениците во учебната година<br>- годишен извештај за постигања на идентифицираните ученици | -наставници<br>-стручни работници<br>-родители<br>-други стручни лица на локално ниво и пошироко | континуирано<br>на секој класификационен период (полугодие - крај)<br>на крај на учебна година | Индивидуални листи<br>секојдневни белешки<br>листи за следење<br>евидентни листови<br>табеларни прегледи<br>извештај за освоени награди-индивидуални и групни | индивидуална<br>групна<br>синтеза<br>анализа<br>истражувачка<br>средување и споредување на податоци<br>Е-истражувања<br>консултации со менторите<br>презентација |

***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани***

Учењето од далечина ни покажа дека доколку учениците со акцент на надарените и талентирани ученици им се даде време и слобода во изнаоѓање на решенија при совладување на наставниот материјал, изработка на проектна задача или истражување истите својот талент и афинитет кон одредена област го насочуваат кон креативно изразување и изработка на алатки за осовременување на наставата.

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои се бидат насочени кон самостојно учење и користење информации: развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во нашето училиште ќе ја насочиме кон развивање екипирање на надарените и талентирани ученици преку:

- интеркултурни размени и вклучување на учениците во мобилни активности
- индивидуализација во наставата со учениците
- групна настава за учениците со приближно исти способности
- проектни активности
- слободни ученички активности
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- организирање креативни работилници, дебати и форум театри

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Децата кои од било кои причини потешко и побавно напредуваат односно се развиваат, се карактеризираат како ученици кои имаат посебни образовни потреби. Со оглед на тоа што во процесот на учење, секој ученик напредува со различна брзина, како резултат на различните интереси, способности и можности кои ги поседува затоа и воспитно-образовниот процес се прилагодува според неговите можности и способности. За таа цел,посебно се обрнува внимание во активностите кои ќе бидат преземени, да има вклученост на наставници, претставници од стручната служба, специјален едукатор, родители и Ресурсен центар „Иднина“ – Скопје.

На ниво на училиштето работи Училишен инклузивен тим кој е составен од директорот на училиштето,членовите на стручната služба, по 1наставник од одделенска и настава и 2 родители на деца кои имаат ПОП.

За секој ученик посебно, училиштето има формирано Инклузивен тим за ученик во чиј состав влегува одделенскиот наставник на ученикот, претставници од стручната служба и родителот на ученикот.

Претставниците на стручната служба,заедно со наставниците, а во соработка со родителите на овие ученици се вклучуваат во детектирањето, поддршка во совладување на знаењето, интервенција во областа на пројавената тешкотија и сл.Тоа се остварува со индивидуални и групни разговори, советувања, работилници, насоки за соработка.

Во процесот на работа со овие деца,посебно се обрнува внимание наставните средства и помагала да бидат прилагодени според видот на попреченост,да има обезбеден превоз,по потрба вклученост на стучни лица и сл. За учениците кои се со категоризација, наставниците во соработка со родител и претставници на стучната служба изготвуваат ИОП. За учениците со специфични тешкотии во учењето се применува диференциран пристап, а по потреба се организира дополнителна настава.

Во работата со овие ученици посебно се обрнува внимание за нивно редовно вклучување во наставниот процес, подобрување на нивната социоемоционална состојба, следење на нивните постигања, обезбедување, прифаќање и поддршка од соучениците преку помош во совладувањето на наставните содржини. За постигнување на овие активности потребно е целокупно ангажирање од страна на наставниците, соучениците, ученичката заедница, родителите.

## Програма за работа на инклузивниот тим за учебна 2021/2022 година

| **Цели** | **Активности** | **Носители** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** | **Време /Реализа ција** |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација и евидентирање на ученици кои имаат потреба од посебен пристап во работата и изготвување на индивиуални планови за работа со нив. | Разговори со деца и родители, опсервација, користење на психолошки тестови и др. Иструменти за идентификација на учениците | Одд. и предм. наставници,<br><br>стручни соработници од училиш. и по потреба стручни лица од соодветни институции; | Стручна литература, сознанија од обуки и семинари, психолошки наоди и мислења, формулари за идентификација за наставник, наоди и мислења од Комисија за категоризац., лекарска документација, забелешки од опсервација и сл. | Идентифицирани ученици со дефиниран статус | континуи рано |
| Советодавно-консултативни разговори со наставниот кадар, ученичка заедница, родители | Запознавање и подршка на наставниот кадар во идентификување (детектирање) на наставни потреби за Учениците | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители, предметни наставници, родители, ученици | Консултативна-советодавна работа | Подобрување на постигањата и социјализацијата на ученици со ПОП | Октомври |
| Зголемена соработката помеѓу наставниците и договарање на заеднички и индивидуални активности | Неформални средби со наставниот кадар и друг кадар и разговор по поединечни прашања или тешкотии | УИТ, наставници | Размена на идеи, предлози, мислења, консултации | Зголемен број на наставници што добиле поддршка од УИТ | Ноември |
| Следење на индивидуалните постигањата на учениците со | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на евидентирани ученици со ПОП. | УИТ, наставници, родители | Евидентни листови за следење на учениците | Процена на постигањата. Вклучување на овие ученици во | Декември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| потешкотии во прво полугодие; | Ревидирање на ИОП | | | групна работа и слободни ученички активности | |
| Подобрување на социјална и емоционална состојба на учениците со ПОП | Разговори со учениците. Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | УИТ, наставници, ученици, родители | Консултативно-советодавна работа | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици | Јануари/ Февруари , континуирано |
| Обезбедување поддршка од соученици | Советодавни-консултативни разговори со наставници, ученици, родители | УИТ, наставници, ученици | Досие на ученик со ПОП | Подобрување на постигањата и на социјализација на ученици со ПОП | Март |
| Размена на искуства од страна на наставниците и запознавање со ресурсни и др.центри на деца со ПОП и активности на учесниците | Средби и размена на мислења,искуства,вклучувања во обуки и семинари,посета на Дневен центар за деца со посебни потреби и сл. | УИТ, наставници, ученици, родители | Брошури, стручен материјал и др.; | Оспособување и проширување на знаења и вештини на наставници за работа, вклучување на децата со посебни потреби во организирани секојдневни активности | Април, континуирано |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со потешкотии во второ полугодие; | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на евидентирани ученици со ПОП. | УИТ, наставници, родители | Евидентни листови за следење на учениците | Процена на постигањата. | Мај |
| Сумирање на реализирани активности и ефекти од работата на УИТ | Извештај за работа на УИТ | УИТ | Извештаи од реализирани активности | Документирање на работата на УИТ. Формулирани предлози за работа за наредна година | Јуни |

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Туторска поддршка на ученици се организира во соработка со НВО, општината и МОН. Во почетокот на учебната година се назначуваат туторите кои работат со учениците кои имаат потреба од туторска поддршка. Во училиштето има вкупно 32 ученици - стипендисти поддржани преку проектот РЕДОВНО НА ЧАСОВИ: Акција за вклучување на Ромите во основното образование. Во учебна 2021/2022 година училиштето ќе имплементира и проект во рамки на мали грантови за училишни иницијативи. Со проектот ќе го третираме проблемот намалена самодоверба, успех и редовност на учениците со акцент на учениците Роми и нивно полесно интегрирање во воспитно образовниот процес сè со цел подобрување на училишната клима, успех на учениците, подобрување на услови за работа, поттикнување на креативност, еднаквост, логика и критички настроени ученици со зајакната самодоверба, мотивирани за работа и преку заедничка

работа подобро се запознаваат што значително ќе влијае на другарувањето во училиштето без предрасуди и стереотипи.

Туторска настава во нашето училиште се реализира со поддршка од МЦГО со ученици од трето одделение по предметите: македонски јазик, математика и општество по претходна програма.

**Програма за туторска настава**

| Опис на работни задача / активности | Очекувани резултати | Време на реализација |
|---|---|---|
| - Организиарање на туторски часови во соработка со училиштето<br>- Реализација на туторки часови во координација со наставници кои им предаваат на учениците-стипендисти<br>- Евиденција за присуство на ученици<br>- Евиденција за реализирани содржини и теми | - Подобрен успех на ученици-стипендисти<br>- Зголемена мотивација кај ученици-стипендисти за редовно следење на настава и подобрување на резултати и постигнат успех кај истите<br>- Зголемен број на ученици Роми кои завршуваат основно образование | Во текот на учебната 2021/2022 година |

## 8.15. План на образовниот медијатор

| Планирани активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење на реализација на активности |
|---|---|---|---|
| -Соработка со стручната служба во училиштето.<br>-Теренска работа со родители и деца повратници од странство<br>-Теренска работа со родители и деца од ромска националност осипани и нередовни во училиштето | Септември | -Евидентирање на ученици кои се вратени од странство и нивно вклучување во воспитно образовниот систем.<br>-Подобрување на редовност кај ученици Роми | Стручна служба |
| -Евиденција на ученици кои се запишале и кои не се запичани во училиштето поради надмината возраст.<br>- Теренска работа со родители и деца од ромска националност осипани и | Октомври | -Евидентирање на ученици кои се вратени од странство и нивно вклучување во воспитно образовниот систем.<br>- Подобрување на редовност кај ученици Роми | Стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| нередовни во училиштето | | | |
| -Информации за деца заминати во странство | Ноември | -Навремено информирање на училиштето за деца кои се заминати во странство | Стручна служба |
| -Соработка со стручната служба во училиштето<br>-Теренска работа со родители и деца повратници од странство<br>-Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето | Декември | - Подобрување на редовност кај ученици Роми<br>-Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. | Стручна служба |
| -Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>-Соработка со стручната служба во училиштето | Февруари | -Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. | Стручна служба |
| -Теренска работа со родители и деца повратници од странство<br>-Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>. -Соработка со стручната служба во училиштето | Март | -Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. | Стручна служба |
| -Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>-Соработка со стручната служба во училиштето | Април | -Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. | Стручна служба |
| -Прибирање на списоци и податоци на ученици Роми, кои треба да се запишат во прво одделение<br>-Редовна комуникација со стручната служба<br>-Теренска работа и редовна комникација со родители за запишување на деца во прво одделение. | Мај | -Навремено запишување на ученици во прво одделение | Стручна служба |
| -Теренска работа и редовна комникација со родители за запишување на деца обврзници за прво | Јуни | -Запишување на ученици од ромска националност во прво одделение | Стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одделение. | | | |

# 9. Воннаставни активности

## 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишните спортски клубови работат од учебната 2017/18 година со решение по дел.бр. 0805-50/150020170016743 од 25.01.2017 год.

Формирани се спортски клубови за:одбојка,кошарка,фудбал,футсал и ракомет.

Податоци за УСК

Име: УСК ХРИСТИЈАН КАРПОШ КУМАНОВО Куманово

Дата на основање:03.10.2016

Цели:

- Утврдување на постапки за развој на училишен спорт во училиштето;

- Поттикнување, омасовување и развој на училишен спорт и спортско рекреативните активности;

- Помагање и поддршка за спортските активности и асоцијации;

- Развивање и усовршување на системот на натпревари;

- Водење грижа за упшравување, одржување и користење на објектите за спорт;

- Планирање и програмирање термини во спортските објекти во училиштето за подготовки на натпревари за екипи и репрезентации;

- Водење грижа за здравствена заштите на учениците - спортисти;

- Стимулирање на развој на училишните друштва, секции и спортски школи;

- Стручно усовршување на своето членство;

- Покренување на иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и слично;

- Продлабочување на соработка со другите училишта, спортски организации, секции и клубови;

- Афирмирање и пропаганда на училишниот спорт во општината и пошироко.

Видови на спортови: Одбојка машки и женски, Кошарка машки и женски, Ракомет машки и женски, Футсал машки и женски, Фудбал машки и женски во категории за 8 и 9 одделение и за 6 и 7 одделение, Атлетика

Одговорни наставници: Александар Русевски, Невена Стојмановиќ, Бојан Ѓоргиевски, Јелена Алексиќ, Стефан Петковски

Време на реализација: од IX – VI месец

Опфат на ученици: Сите ученици кои се заинтересирани за продлабочување на знаења од избран спорт Одбојка, Кошарка, Ракомет, Футсал и Фудбал. Се планира да се опфатат 250 ученика

Предвидени настапи: На турнири по повод Патрони празници на училишта на кои ќе бидеме поканети, на Меѓуопштинска лига што ја организира Општински сојуз на училишен спорт на Куманово и доколку се пласираме на Зонски, Регионални и Државни лиги на ФУСМ

Финансирање: Училиште, Општина преку ОСУСК, Агенција за млади и спорт преку ФУСМ и доколку е потребно самофинансирање

Тим за следење: Стручен актив на професори по физичко и здравствено образование.

## 9.2. Секции/Клубови

Општа цел на слободните ученички активности, организирани преку секции, е да се развиваат различните интереси на учениците, како и да се насочуваат сами подлабоко во себе да ги препознаат своите афинитети како услов за поефикасен и поефективен понатамошен развој.

Ќе се реализираат: спортски секции, литературна секција, ликовна секција, секции по странски јазици, млади физичари, математичка секција, млади биолози, историска и географска секција. Изборот на ученици кои ќе членуваат во дадените секции ќе биде направен со почетокот на учебната година, во согласност со интересите и можностите на учениците. Ќе бидат вклучени ученици од VI-IX одделение, а по потреба ќе се вклучуваат и надворешни соработници и претставници од советот на родители. Секој одговорен наставник има изработено посебна годишна програма за работа на секцијата во која се прецизирани општите и конкретните цели, термините и времетраењето, вклученост на сите релевантни фактори, процедура за екипирање на заинтересирани ученици како и списоци на сите членови во секцијата.

## 9.3. Акции

Програмите за сите овие воннаставни активности се изработени со сите потребни елементи и се составен дел на годишната програма на училиштето.

Покрај училишна спортска сала со која се овозможени услови за работа и организирање на разни спортски натпревари и манифестации, а оваа учебна година ќе се работи на изградба на спортско игралиште во училишниот двор.

Оваа учебна година ќе биде одбележан шеесет и трети годишен јубилеј од работење и постоење на училиштето.

Културно образовната активност училиштето ќе ја реализира со цел на учениците и родителите да им се презентираат достигањата на училиштето како во редовната настава, така и во воннаставните активности, а преку организирани натпревари, смотри и други манифестации за кои се изработени посебни годишни програми како дел од работа на комисии при училиштето.

Манифестации од помал обем ќе се организираат на ниво на паралелки и тоа во рамките на одбележувањето на позначајни историски датуми, празници на националностите кои се дел од училиштето, јубилеи и активности од интеркултурален карактер. Исто така ќе се организираат неделни средби за размена на искуства и позитивни практики помеѓу ученици и наставници од повеќе држави во Европа во рамки на проектите од Еразмус+ програмата.

На почеток на учебната година (по потреба и повеќе пати) се организира собирна хуманитарна акција под мото „Од другарче за другарче“.

Во рамките на јавната дејност пред Советот на родители и Училишниот одбор директорот на училиштето ќе поднесува полугодишен и годишен извештај за целокупната работа на училиштето.

Советот на родители ќе ги разгледа сите предлози и иницијативи за соработка со родителите, учениците и граѓаните од подрачјето на училиштето. Носител за информирање и давање на податоци во училиштето е директорот.

| Настан | Форма | Субјекти | Наставник | Време на одржување |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња | Приредба | ученици од I -V одделение | одделенски<br>наставници | 01.09.2021 |
| Одбележување на Детска недела | Ликовна изложба Литературни творби<br>Посета на деца од градинката „Анѓел Шајче“ и соодветна приредба<br>Игри без граница<br>Спортски актвности меѓу учениците од VI и-VII и VIII и IX одделение. | Сите ученици од<br>I -V<br>VI-IX | Одделенски наставници ,<br>Наставници по македонски јазик ,<br>Наставници по ликовно образование,<br>Наставници по физичко образование | Прва цела полна недела во месец октомври |
| Одбележување на<br>11 Октомври -- Ден на народното ввостание | Читање реферат ,<br>изработка на ѕиден весник | Сите ученици од<br>I- IX одделение | Наставници по историја ,наставници по македонски јазик | 10 октомври 2021г. |
| Предновогодишни<br>случувања | Китење на елка<br>Ученичка забава-хепенинг | Ученици од I- IX | Одделенски наставници<br>Наставници по музичко образование,и одделенски раководители | 21 12.2021 -<br>29.12.2021 |
| Одбележување<br>на Ден на училиштето | Реферат ,<br>Ликовна изложба,<br>изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за „Го славиме делото на Христијан Карпош“ | сите ученици од прво до деветто одделение | сите наставници од прво до деветто одделение | Февруари 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Осми март - Ден на на жените | Литературни ,<br><br>ликовни и музички творења<br><br>преку творечки работилници<br><br>( изработка на цртежи , честитки и разни подароци) | Сите ученици од прво до деветто одделение | сите одделенски наставници ,<br><br>наставници по македонски јазик,<br><br>наставници по ликовно образование | март 2022 |
| 21 Март - Ден на екологија | Ликовни и литературни творења ,работна акција во чистење и уредување на училишен двор | Сите ученици од прво до деветто одделение | одделенски и предметни наставници | 21 Март 2022 |
| 1 Април-<br><br>Ден на шегата | Работилница за изработка на маски<br><br>Маскенбал | ученици од I-V одд. | Одделенски наставници | 1 Април 2022 |
| Велигденски случувања | Ликовна изложба,<br><br>литературни творби, базар со изложбени експонати | сите ученици од прво до деветто одделение | Одделенски наставници<br><br>Наставници по македонски јазик и ликовно образование | Април 2022 |
| Одбележување на<br><br>24 Мај - Ден на сесловенските<br><br>просветители,<br><br>Кирил и Методиј | Реферат ,<br><br>Ликовна изложба,<br><br>изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за „Кирил и Методиј-- нашите први учители“ | сите ученици од прво до осмо одделение | наставници по<br><br>ликовно образов. историја,<br><br>македонски јазик,<br><br>одделенски наст. | 24.5.2022 |
| Промотивни завршни настани за размена на позитивни практики со партнер училишта во ЕУ проектите | Ставање акцент на креативниот приод за решавање на проблеми. Обработка и примена на податоци преку визуелизација.<br><br>Вклучување на учениците преку заеднички истражувања и решавање на проблеми.<br><br>Развивање на чувство на припадност на група со заеднички цели, без ралика на етничка припадност;<br><br>Зголемување на љубопитноста и мотивацијата на учениците за областите на наука, технологија, математика и | Проектен тим<br>Наставници<br>Ученици<br>Партнер училишта<br>Наставници и ученици<br>Од Италија, Англија, Шпанија, Португалија, Романија, Турција | Проектен тим | Учебна 2021/2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | уметност;<br><br>Менување на приодите за употреба на технологија во училницата и одлична можност на вклучените нставници за употреба на мултидисциплинарен пристап.<br><br>Подигнување на свеста на учениците за меѓусебна толеранција и соработка преку заеднички работилници: Продлабочување на знаењата за различните етникуми и култури, нивниот начин на живот како и нивниот стил на учење. | | | |
| Одбележување на<br><br>крајот на учебната година | Приредба на деветтоодделенците по повод завршување на учебната година „Разделба“ | ученици од деветто одделеение | одделнски наставници<br><br>наставник по македонски јазик | јуни 2022 |

- Во согласност со својата својата воспитно-образовна функција во училиштето се организираат значајни општествено –хуманитарни активности, во кои активно учествуваат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница. Оваа работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност и истрајност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Исто така да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на луѓето. Во ООУ „Христијан Карпош“ секоја учебна година е исполнета со многу содржини и настани, кои се организираат по повод значајни празници, патрониот празник, собирни (хуманитарни) акции, еколошки акции (значајни датуми од Еко календарот). Најмалку два пати годишно се организираат базари со цел да се поттикнат претприемачки вештини кај учениците, отворени часови и хепенинзи. Тука е и повеќегодишна традиција за организирање на Еко - маскенбал по повод Ден на шегата, Велигденски хепенинг, Новогодишен базар на чии штандови се претставени изработки од рециклирани материјали во кои доаѓа до израз креативноста на нашите ученици, родители и наставници.

## Програма за општествено – хуманитарна работа

| Цели | Содржини и активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти/критериум и за успех |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на план за спроведување на | Формирање на тим за општествено-корисна | Наставници, Стручни соработници | Август/прва половина на | Формиран тим за општествено- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| активности поврзани со општествено-хуманитарна работа во училиштето | работа и изготвување на план на активности на истиот со јасно дефинирани цели | | септември | корисна работа и изготвен план на активности; |
| Развивање на позитивен однос кон трудот,вклучување на сите вработени и ученици во активности за уредување и одржување на просторот во училиштето и околу него; | -Отстранување на сметот;<br>-садење на садници,хортикултурално уредување на училишниот двор;<br>-Разни акции за собирање на стара хартија и пластика; | Наставници, ученици, технички персонал | Во текот на целата учебна година | Одржување на чиста и уредна околина,зголемување на интерес за собирање на материјали за рециклирање |
| Вклучување на локалната заедница, Јавни претпријатија,граѓански организации и родителите на учениците | Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | Наставници и ученици Еко одбор; ЈП,,Чистота и зеленило,,-Куманово Граѓанска организација,,Не биди ѓубре,, | Во текот на целата учебна година | Навремено извршување на задачите и истрајност при извршувањето на истите; |
| Развивање љубов кон природата и природните убавини | Организирање на акции на разни изработки од учениците-базари (најмалку две во текот на учебната година) | Наставници и ученици | Ноември,Април и Мај | Развиена свест и љубов кон природата и природните убавини; |
| Организирање на собирни акции: парични, облека, храна, играчки и книги | Донирај од срце,собрни акции за стара облека;<br>-Акции за собирање на книги ,лектири;<br>-Акција за собирање на играчки;<br>-Собирна акција за храна ,помош на социјално загрозени семејства;<br>-Собирни акции ,парична помош за болни другарчиња; | ПЦКтим, наставници,ученици,стручни соработници,директор | Во текот на целата учебна година,кога ќе се појави потреба од тоа | Развивање на хуманост и солидарност кај учениците |
| Организирање на хуманитарни хепенинзи | Новогодишен и Велигденски хепенинг | Наставници Ученици | Декември април | Развивање на хуманост и солидарност кај учениците |
| Негување здрава и чиста околина и развивање работни навики | Земање активно учество во акции за засадување на садници во блиска околина или уредување и чистење на непосредната околина | Наставници,ученици | Во текот на целата учебна година | Стекнати работни нвики за одржување на здрава и чиста околина |

*Напомена: Програмата во текот на учебната година можно е да претрпи извесни дополнувања според актуелно наметнатите промени и нови активности

## 10. Ученичко организирање и учество

Во согласност со препораките дадени во текот на обуката за ученичко учество, во нашето училиште учениците веќе традиционално на почетокот на секоја учебна година се организираат , па така се надеваме дека ќе биде и во претстојната учебна 2021/2022 година.

### ОДДЕЛЕНСКА ЗАЕДНИЦА

На првиот одделенски час од учебната година, класниот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на одделенскатазаедница.

На вториот одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот/класниот раководител. Можат да се кандидираат и ученици кои и претходно биле претседатели на одделението.

Кандидатите мора да ги имаат пополнето следниве документи:

Формулар за пријавување за избор на претседател на одделение;

Листа со потписи за поддршка ;

Мотивациско писмо.

На третиот класен час се спроведува процедурата за избор на претседател на одделенска заедница (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста класна заедница. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови.За заменик претседател се избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови.

Право да поднесе пријава за претседател на класна заедница има секој редовен ученик кој има писмена поддршка од најмалку 1/5 од вкупниот ученици од иста класна заедница. Пријавата од овој став се поднесува до класниот раководител. Пред да се започне со постапката на избор на претседател на одделение/клас, одделенскиот/класнио траководител ги повикува пријавените кандидати за претседатели.Одделенскиот/класниот раководител на увид на учениците им гидоставува апликациите, листата со потписи и мотивационите писма.Пријавените кандидати за претседатели ги читаат мотивационите писма (5 минути).Учениците гласаат по што според добиоените резултати од изборите, се оформува претседателството.

Работата на одделенската заедница ја води претседателот на одделението. Претседателот на класната заедница:

- ги претставува учениците од класната заедница во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето;
- ги информира учениците од класната заедница за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент;

- организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми (по сопствен аиницијатива или по иницијатива на другите ученици/чки);
- присуствува на родителските средби;
- се грижи за мирно решавање на споровите во класот;
- соработува со претседателите на другите класни заедници ;
- соработува со постојаните и повремените комисии и
- учествува во работатана ученичкиот парламент.

## УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите (и замениците) на одделенските заедници во училиштето.

Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето ќе биде во септември 2021 година. Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на одделенска заедница.

Изборот на претседател на ученички парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент. Секој претседател на одделенска заедница пред почетокот на расправата за првата точка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент, со поднесување на пријава до претседавачот со конститутивната седница.Мандатот на претседател на ученичкиот парламент изнесува една учебна година, со право на еден реизбор.

Гласањето за претседател на ученички парламент се одвива тајно.

Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на одделенски/класни заедници.

По изборот на претседател на ученичкиот парламент, тој го презема раководењето на седницата на ученичкиот парламент.

На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик претседател кој се избира од редот на координатори на учебни години и секретар на ученичкиот парламент.

Постапката за изборот на заменик претседател и секретар на ученичкиот парламент се врши на ист начин како и изборот на претседател на ученички парламент.

**Други тела на училишната заедница**

**Координатори на учебни години**

За координатор на учебна година може да се пријави секој претседател на одделенска заедница од иста учебна година.

Изборот на координатор на учебна година го вршат претседателите на одделенска заедница од иста учебна година со тајно гласање.

**Координативно тело на ученичкиот парламент**

Координативното тело на ученичкиот парламент е составено од координаторите на учебните години, двајца претставници-наставници именувани од страна на директорот на училиштето (Весна Алексова и Габриела Бошковска) и секретарот на ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на класни заедници или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на класни заедници.

На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог, други стручни соработници и претставници на родителите од Советот на родители.

Седниците на ученичкиот парламент се одржуваат во соодветна просторија определена од директорот на училиштето или во просторијата каде се одржуваат седниците на стручните органи и тела на училиштето.Ученичкиот парламент може да донесе одлука за одржување на седница и на друго место.

**Ученичкиот парламент:**

1) ги донесува Правилникот за работа на одделенските заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;

2) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;

3) активно учествува за промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците;

4) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;

5)соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.

Ова се учениците од Претседателството на Ученичкиот парламент од претходната учебна 2020/21 година:

Марко Јозевски IX$^{б}$ одд. – претседател на ученички парламент;

**Координатори во ученички парламент:**

Координатори во ученички парламент за секоја генерација(по еден прдставник од VI, VII, VIII и IX одд,) се бираат на првата конститутивна седница.

## УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Постапка за избор на ученик правобранител**

Ученик правобранител е ученичка функција и должност која претставува модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Следува опис на последователни чекори за селекција на ученик правобранител и негови заменици, кое секое училиште треба да ги направи со можност за дополнителни активности врз основа на специфични потреби на локално ниво.

Во нашето училиште,Ученик правобранител и замeницизa учебната 2020/2021 година беа :

Илина Стојановска IXа одд.- ученик правобранител

Заменици на ученик правобранител :

.

Бидејќи мандатот им трае 2 години оваа учебна година нема потреба да се изврши избор на нов ученик правобранител и негови заменици. Процедура за избор е следна:

Се распишува отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб страната на училиштето при што се почитуваат следните насоки:

Повикот за ученик правобранител и негови заменици се објавува на 5 октомври;

Во основните училишта за ученик правобранител се препорачува да аплицираат само учениците од VII и VIII одделение (поради мандатот од две години);

За заменици можат да аплицираат и ученици од помладите ученички генерации, односно VI одделение;

Во повикот се означува крајниот датум за поднесување на пријави;

Во повикот се назначува до кого и каде се доставуваат пријавите од страна на учениците;

Во повикот се објаснува процесот на селекција: кој ќе биде вклучен во процесот на селекција, кога и каде ќе се направи финалната селекција и кога ќе бидат објавени резултатите;

Во повикот се објаснува и процесот на обучување на избраните учесници и поддршката која ќе ја добијат од училишниот персонал во текот на спроведувањето на своите обврски.

На однапред договорен состанок Комисијата(директор, педагог, наставници задолжени за УП и еден ученик (претседателот на ученичкиот парламент или негов заменик) одлучува по пријавите за функцијата ученик правобранител и неговите/нејзините заменици/чки. При селекцијата се земаат во предвид следните критериуми:

- пол,
- возраст,
- основно познавање на детски права,
- мотивација за пријавувањето,
- комуникациски и организациски способности,
- претходно поведение,
- претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.

Се препорачува Комисијата да спроведе интервју со пријавените кандидати со цел да ги утврди компетенциите на кандидатите.

Комисијата преку гласање селектира Ученик правобранител и негови/нејзини заменици/чки. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

**Мандат на ученичкиот правобранител**

Мандатот на ученикот правобранител и неговите заменици е 2 години. По завршувањето на мандатот се објавува нов повик. На повикот можат да се пријават и замениците правобранители вклучени во првиот циклус. По завршувањето на мандатот училиштето му доделува сертификат за ученикот правобранител за одредениот временски период.

**Функцијата и улогата на ученик правобранител**

Функцијата и улогата на ученик правобранител и неговите заменици ќе биде составена од три примарни компоненти:

1. **Промовирање на детските права**. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (**едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.**). Информации за содржината на работилниците ќе бидат обезбедени од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Логистичка помош обезбедува Тимот за Ресурсен Пакет.

2. **Поддршка за заштита на детските права**: Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

Ученикот правобранител треба да подготви и достави месечни извештаи од овие активности до стручната служба. Наодите од извештаите ќе се користат за дизајнирање на идните активности.

Бидејќи работата на Ученичкиот парламент и на Ученикот праворанител се непосредно тесно поврзани, Програмата за работа е заедничка:

| **Реден бр.** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Планиранброј часови за активноста** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Координативен состанок на Тимот за Ресурсен пакет | Договор за работа и изработка на Акциски план | до прва недела од септември 2021 | 2 | Тим за ресурсен пакет(Весна Алексова,Габриела Бошковска,Мирољуб Пауновиќ) |
| 2 | Избор на претседатели на одд.заедници во паралелки од 6-9 одделение | Листа на избрани претседатели и оформени одделенски заедници | До средина на септември 2021 | 2 | Одделенски раководители на паралелки од VI-IX одделение |
| 3 | Избор на Ученик правобранител и заменици | Список на избрани ученици | Средина на октомври | 4 | Комисија за избор |
| 4 | Инфо-ден:Промоција | Преку промоцијата, | Крај на | 2+2 (во двете | Ученик |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на Ученик правобранител и неговите заменици | поголема информираност на учениците за улогата на Ученик правобранител | октомври | смени) | правобранител и негови заменици+ Тим за ресурсен пакет |
| 5 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради водење на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Водење и чување на евиденција за прекршоци на ниво на тримесечие | Последна недела од октомври | 1 | Ученик правобранител и педагог |
| 6 | Состанок за оформување на УП | Формирана УП и нејзини тела | До средина на октомври | 2 | Тим за Ресурсен пакет |
| 7 | Координативен состанок со Ученик правобранител и неговите заменици со УЗ за избор на теми за дебата | Листа на теми за три(по можност и повеќе )дебати | До 20 ноември | 2 | Ученик правобранител и УП |
| 8 | Подготовка на тимови за дебата и реализација на истата на тема што во ноември е договорена | Реализирана дебата | До 20 декември | 4 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 9 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради водење на евиденција за прекршоци на ниво на тримесечие | Водење и чување на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Последна недела од декември | 1 | Ученик правобранител и педагог |
| 10 | Дебата на тема поврзана со одбележување на 5 февруари-Ден на побезбеден интернет | Учење за дебата и нејзина примена, како и градење на сопствен став на дадена тема | Прва недела од февруари | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 11 | Координативен состанок со Ученик правобранител и неговите заменици со ученици кои беа | Подготовка на работилница (подготовка на материјали,договор за активности) | Средина на март | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП, ученици од размената во Троген |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во Троген за организирање на работилници | | | | |
| 12 | Работилница за детски права со ученици кои беа во Троген и Ученик правобранител (темата ќе произлезе оттаму) | Пренесување искуства од работилниците од Троген | До крај на март | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП, ученици од размената во Троген |
| 13 | Состанок на Правобранителот со Педагогот заради водење на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Водење и чување на евиденција за прекршоци на месечно ниво | Последна недела од март | 1 | Ученик правобранител и педагог |
| 14 | Дебата на тема по избор на Ученички парламент | Учење за дебата и нејзина примена, како и градење на сопствен став за дадена тема | До крај на април | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 15 | Работилница за детски права | Проширување на знаењата за правата на децата | До средина на мај | 2 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 16 | Активности за одбележување на 4 јуни-Меѓународен ден на деца жртви на насилство | Изработка на постери за трите нивоа на насилство, препознавање и како да се заштитата децата | До крај на мај и прва недела од јуни | 4 | Тим за Ресурсен пакет,Ученик правобранител и УП |
| 17 | Анализа на работата на Тимот за Ресурсен пакет и подготовка на извештај за активностите | Анализа на работата, воочување на силните и слабите страни, извештај | До средина на јуни | 2 | Тим за Ресурсен пакет |

*Забелешка:Акцискиот план може да претрпи измени и надополнувања во текот на учебната година според потребите и активностите на Тимот за ресурсен пакет, Ученикот правобранител и УП

УП и Ученикот правобранител уште на почетокот од учебната година, непосредно по нивното конституирање, ќе достават листа на материјали до раководството на училиштето кое ќе се обиде

да ги обезбеди и истите ќе се чуваат во просторијата на Ученикот правобранител која веќ пред неколку години им ја обезбеди директорката на училиштето.

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачија и наставни предмети, како и за рекреација и дружење на учениците. Во оваа учебна година ќе бидат организирани следниве екскурзии: еднодневна екскурзија за трето одделение,настава во природа за петто одделение (доколку има интерес кај учениците), дводневна екскурзија за шесто одделение и тродевна за деветo одделение. Еднодневни научни екскурзии за потребите на наставните предмети се планирани во глобалните и оперативните планирања на наставниците. Програмите за ескурзија ги изработуваат одговорни наставници од одделенијата за кои ќе се реализира ескурзија.

Училиштето ќе организира излети и тоа есенски и пролетен еднодневен излет за сите ученици.

Тим за изработка на програма:

1.Александар Русевски-проф.од шесто одделение

2.Елена Алексиевска-проф,од деветто одделение

3.Даниела Стефановска-учителка од петто одделение

4.Еден родител избран од Совет на родители

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Голем број на ученици земаат активно учество во вонучилишните активности во: друштво за народни танци и ора, основно музичко училиште, балетско училиште, кошаркарски клуб, спортска академија, училиште за танц, училишта за странски јазици, невладини организации (најголем број на ученици од предметна настава се дел од ЦИД – Multi-Kulti е младински центар кој им овозможува на младите од 7-25 години да ги развијат нивните вештини преку неформално образование и младинска работа). Голем дел од стекнатите вештини на учениците вклучени во вонучилишни активности се користат за време на прослави, приредби, настани, како и за поуспешна реализација на редовната настава во училиштето. Бројот на ученици вклучени во овој тип на активности е променлив во зависност од нивните интереси, афинитети, можности и во согласност со родителите.

# 12. Натпревари за учениците

ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово има десетгодишна практика за изработка и спроведување на годишна програма за училишни напревари во која се содржани и систематизирани сите предстојни општински, регионални, државни и меѓународни натпревари со што е обезбедено навремено организирање на услови и можности за учество на нашите ученици на погоре наведените натпревари и истото допринесе за постигање на поголеми резултати, поттикнување на натпреварувачки дух и промовирање на сите постигања пред пошироката јавност. Поради истото

оваа практика ќе продолжи да се применува во континуитет, а исто така истата е предвидена и со измените од оваа годна во Законот за основно образование на Република Северна Македонија.

На првиот Наставнички совет директорот на училиштето одредува одговорни наставници за организација и реализација на училишни натпревари планирани за оваа учебна година и во одделенска и во предметна настава.

Тим за училишни натпревари:

Одделенска настава:

Математика-Александра Павловска

Природни науки-Елена Ангеловска

ФЗО-Наталија Димитриевска

Предметна настава:

Македонски јазик-Фросина Пешевска

Француски јазик-Надица Стојковска

Англиски јазик-Мартин Јованчевски

Природна и општествена група на предмети

Драгана Божиновска

Дејан Левковски

Марија А: Стојановиќ

Вештини:

Бојан Ѓорѓиевски

Задачи на одговорните наставници и другите наставници кои со своите ученици ќе учествуваат на натпревари се:

-Одговорните наставници ги известуваат своите колеги за временската рамка на одржување на училишните натпревари со цел секој наставник да си направи план и избере ученици со кои ќе работи на додатна настава;

-Зависно од распоредот со временска рамка за организирање на општински,регионални и државни натпревари зададени од Акредитирани здруженија на наставници, одговорните наставници ги планираат училишните натпревари;

-Ученици кои покажале високо ниво на стекнати знаења, умеења и вештини и ученици кои се надарени или телентирани за одредена област се рангираат на училишни натпревари и се подготвуваат за општински натпревари и понатаму за регионални и државни;

-Натпреварите во училиштето го збогатуваат наставнио процес,го подобруваат квалитетот на наставата,потикнуваат натпреварувачки дух кај децата,додека наставниците го подобруваат квалитетот на наставата,заемно соработуваат и професионално напредуваат;

-Промовирање на работата на училиштето пошироко;

На училишните натпревари можат да учествуваат сите ученици кои покажуваат подобри резултати во ВОП или се надарени или талентирани за одредена област.

Начин на финансирање:

За општинските натпревари родителите ги покриваат трошоците за партиципација додека за сите регионални и државни натпревари сите трошоци ги покрива училиштето.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

ВОВЕД: Годишната програма за работа на училишниот тим за мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничката интеграција во училиштето (СИТ) е изотвена врз основа на глобалната и развојните цели на Развојниот план (2013 - 2021) за имплементација на концептот на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО) и унапредување до процес на унапредување на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција во работата на ООУ „Христијан Карпош“.

РАЗВОЕН ПЛАН (2021-2025)

Глобална цел: Развиен вредносен систем на мултикултурно учење: почит кон разликите меѓу луѓето и традициите, меѓусебна доверба, комуникација и соработка во заеднички активности.

Развојна цел 1. Стекнување компетенции на наставниците за МИО концептот

Раелизирани активности:

- Стекнати компетенции за менторска подршка во имплементација на МИО концептот (6 наставници);

- Базична обука за примена на МИО концептот (62, односно 88,57% од наставниците);

- Стекнати компетенции за реализација на заеднички активности (32, односно 45,71% од наставниците);

Развојна цел 2: Наставниците креираат позитивна атмосфера за развивање на вредностите на МИО кај учениците

Раелизирани активности:

- Реализирани 96 самостојни работилници со интегриранимултикултурни и мултиетнички вредности, со 32,25% од учениците;

- Реализирани 25 заеднички работилници со учениците од партнер училиштето ООУ „7 Марси“, с. Опае, општина Липково, со учество на 212 ученици:

- Реализирани 4 заеднички работилници со учениците од ООУ„Бајрам Шабани“ во рамки на манифестацијата Денови на меѓуетничка интеграција во општина Куманово, со 12 ученици

- Промовиранипостигањата на учениците од партнер училиштата на Денови на меѓуетничка интеграција во Македонија, со 16 ученика

Развојнацел 3: Креирање на позитивна атмосфера за развивање на вредностите на МИО кај родителите на учениците

Раелизирани активности:

- Реализирани 4 самостојни работилници со родителите, за намалување на предрасудите и прифаќање на вредностите на МИО концептот , со 42 родители

- Реализирани 12 заеднички работилници со родителите на учениците од партнер училиштето, со 12 родители;

- Промовирани постигањата на родителите од партнер училиштата предпошироката општествена јавност.

Развојнацел 4: Обезбедување на материјално-техничка подршка за реализација на заеднички активности со изготвување апликации и пропратна документација за учество на конкурси.

Раелизирани активности:

- Обезбеден грант за подршка на заеднички активности на учениците од УСАИД во висина од

25 000 МКД

- Обезбеден грант за подршка на заеднички активности на родителите од УСАИД, во висина од

50 000 МКД.

- Обезбеден грант за инфраструктурни зафати (замена на прозорци на училници и влезна врата) во висина од 1 200 000 МКД

ЗАКЛУЧОК: На почетокот од учебната 2019/2020 може да се констатира дека досегашните постигања во унапредување на мултикултурното и мултиетничко учење, во нашето училиште, го надминуваат МИО концептот како проект и го наметнуваат како процес, заради тоа што:

- Поттикнавме развој на позитивни чувстваkон заедничка работа, постигања и потреба од продлабочување на соработка.

- Јазичната бариера ја надминуваме со користење на универзалниот јазик на креативно творење и изразување.

- Го унапредивме меѓусебното почитувањеи воспосоставивме интерперсонална комуникација со припадници на друга етничка заедница

- Оствaривме ефикасна и кооперативна размена на согледувања и идеи за подобрување на соработката меѓу училиштата кај поголем бројнаставници, ученици и родители

- Презентиравме заедништво, толеранција, потреба од надминување на стереотипи, меѓусебно дружење и продуциравме нови идеи за соработка

Развојна цел 5 (учебна 2020 / 2021 година): Реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

ВОВЕД: Годишната програма за работа на училишниот тим за мултикултурализам / интеркултурализам и меѓуетничката интеграција во училиштето за учебната 2020/2021 е изотвена врз основа на развојна цел 5, од Развојниот план (2013 - 2021) за имплементација на концептот на процесот на развој и унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во работата на ООУ „Христијан Карпош“.

ТИМ ЗА УЧИЛИШНА ИНТЕГРАЦИЈА (СИТ):

Даниела Стојановска, наставник по математика ( dani _hrst@yahoo.com), координатор на тимот

Весна Алексова, наставник по македонски јазик (vesnaaleksovamkd@gmail.com)

Весна Станојковска, наставник по музичко образование (vesnastanojkovska@yahoo.com)

Сандра Николиќ, одделенски наставник (sandranikolic1982@yahoo.com)

Билјана П. Антовска, одделенски наставник (petkovska36@yahoo.com)

Тамара Ѓоргиевска, ученик во IX додделение, претставник на училишната заедница

УЧИЛИШТЕ ПАРТНЕР: ООУ „ 7 Марси ", с. Опае, општина Липково

Координатор на тимот на партнер училиштето: Кадрије Салији, психолог, (psikologia_87@hotmail.com)

Глобални задачи, активности и индикатори за успешност за реализација, како и посебни, заеднички активности за реализација во учебната 2020/2021 година со училиштето партнер се дадени во прилог бр. 8 (Годишна програма за работа на тимот за меѓуетничка интеграција во образованието во ООУ„Христијан Карпош“) на Годишната програма за работа на ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово.

.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово е препознатливо во општината и пошироко како училиште со успешно проектно работење.

Во учебна 2021/2022 година ќе се реализираат следниве проекти:

Во рамките на Erazmus + се работи на нови 2 проекти:

Првиот е Mat –Dama, facing dyslexia and diskalkulia кој ќе се реализира во периодот од 2020 до 2023 год. Тој е наменет за ученици од 8 до 10 години.Предвидени се 6 средби од кои на една сме ние домаќини во август 2021 год. Активностите од овој проект се започнати со направени истражувања во 6 паралелки од прво до петто одд., 15 учителки и 2 НВО- Порака наша и Здружение Ајнштајн.

Вториот проект е Digitalisation and inklusive edukation: leaving no one behind in the digital era. Тој е транссекторски, опфаќа ученици на возраст од 6 до 12 години и трае од 2021 до 2023 год.

- Мали училишни иницијативи – проекти финансиран од страна на Европска унија, Фондација отворено општество, Дендо вас и Чекор по чекор. Како и претходната учебна година така и оваа учениците се вклучени во, изработка на проектот и имплементација на истиот. Преку овој проект во учебна 2021/2022 година ќе се: Опреми простор во училиштето (1 училница) за спроведување активности кои поттикнуваат мултикултурализам; интерактивна табла и набавка на дидактички материјали (нагледни средства, работни материјали, дидактички помагала, материјали кои поттикнуваат критичко мислење, иновативен дух и сл. Одговорен наставник, Александра Павловска и Александра Стаменовска.
- Коалиција Сега – поддршка на ученичка заедница, млади лидери и интеркултурна размена во Троген, Швајцарија. Одговорен наставник, Весна Алексова
- Преку Програмата 145 училишни сали и рекунструкција на основни и средни училишта на РСМ поддржано од МОН добиено е замена на фасада со нова со термо-енергетска изолација.
- Доградба на десет учелници. Овој проект е поддржан од страна на МОН и за истиот одговорен е директорот на училиштето, Мирољуб Пауновиќ.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

| **Наставни предмети** | **Успех по паралелки** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Македонски јазик | 3.98 | 4.06 | 3,12 | 3,55 | 3,69 | 3,35 |
| Математика | 3.87 | 3.90 | 3,23 | 3,57 | 3,78 | 3,26 |
| Англиски јазик | 3.85 | 3.81 | 3,57 | 3,44 | 3,61 | 3,48 |
| Француски јазик | | | 3,10 | 3,54 | 3,65 | 3,57 |
| Ликовно образование | 4.52 | 4.46 | 4,11 | 4,31 | 4,48 | 4,50 |
| Музичко образование | 4.51 | 4.22 | 3,87 | 4,09 | 4,26 | 3,90 |
| Природни науки | 3.98 | 3.86 | 3,44 | | | |
| Техничко образование | 4.26 | 4.19 | 4,22 | | | |
| Општество | 3,88 | 3.88 | | | | |
| Информатика | | | 3,05 | 3,61 | | |
| Географија | | | 3,31 | 3,66 | 3,95 | 3,93 |
| Историја | | | 3,71 | 3,59 | 4,22 | 3,55 |
| Етика | | | | 3,92 | | |
| Граѓанско образование | | | | | 3,91 | 3,90 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Биологија | | | | 3,61 | 3,82 | 3,48 |
| Физика | | | | | 3,35 | 3,47 |
| Хемија | | | | | 3,30 | 3,06 |
| Иновации | | | | | | 4,05 |
| Физичко и здр.образов. | 4,83 | 4.85 | 5,00 | 4,80 | 4,52 | 4,98 |
| Изборни предмети | | | | | | |
| Работа со компјутери | 4,38 | 4.39 | | | | |
| Ромски јазик | 4,10 | 3,83 | | | | |
| Запознавање на религии | | | 4,26 | | | |
| Проекти музичко | | | | 4,71 | 3,63 | |
| Проекти техничко | | | | 3,01 | | 4,67 |
| Програмирање | | | | | | 4,47 |
| Проекти од информатика | | | | | 5,00 | |

Постигањата на учениците во континуитет се следат и евидентираат и истите се предмет на квартални и годишни извештаи за работа на училиштето, при тоа се изработуваат и компаративни анализи кои што се појдовна основа за планирање на понатамошни активности се со цел подобрување на успех, редовност и поведение на ученици како и детектирање на специфични случаеви на ученици за кои ќе се планираат индивидуалнизирани активности за превенција на асоцијално и девијантно однесување. Се со цел надминување на зачестени конфликтни ситуации меѓу учениците и низок праг на толеранција ти од наставници работеше на акциско истражување на тема „Интерперсонални односи во паралелка“ како дел монографија. Евалуација на спроведеното акциско истражување покажа дека истото дава позитивни резултати на таргет групата со која е работено и поради тоа овој тип на делување ќе продолжи според интересот и потребите на дадени паралелки и оваа учебна година. Исто така во рамки на проектот „Со читање до лидерство“ беше оддржана обука за психолозите од училиштето. За потребите на проектот и евалуација на постигањата на учениците во пониските одделенија е селектирана таргет група на ученици од второ и трето одделение кои се тестираа од страна обучените психолози. Учениците беа тестирани со цел да се измерат оснвните познавања по македонски јазик и математика. Според добиените резултати од ЕГРА и ЕГМА тестирањето оваа година ќе се спроведат активности за подобрување на наставата, а со тоа и подобрување на постигањата на учениците. Преку проектот „Инклузивни партнерства во заедниците“ психологот и пет наставници од училиштет поминаа четири обуки за инклузивно образование изработка на ИОП, следење, евалуација и оценување на ученици опфатени со ИОП.

Изработен е план за движење при евакуација се со цел безбедност во училиштето при елементарни непогоди и оваа година ќе се изведат неколку вежби за евакуација според направениот план во присуство на претставници од релевантни институции. Тим за евакуација: Мирољуб Пауновски, Виктор Трајковски, Драган Алексовски и Фросина Пешевска.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Учениците кои се наоѓаат во завршните одделенија и треба своето школување да го продолжат во средните училишта, се наоѓаат во една голема дилема: што е тоа што ги „влече“, кон

кој предмет е насочен нивниот афинитет, всушност кое средно училиште да го изберат за продолжат да го надоградуваат своето веќе започнато образование . Со оглед на потребата од помош и поконкретно насочување кон полесниот избор на средното училиште,училиштето формира Тим за професионална ориентација кој се состои од: Директорот на училиштето Мирољуб Пауновиќ, стручните соработници Милена Пауновиќ, Јадранка Арсовска и Александра Стаменовска и претставник од одделенските раководители од деветто одделение Дејан Младеновски.

Во текот на периодот што следува, Тимот за професионална ориентација своите активности ќе ги насочи воглавно кон запознавање на учениците со средните училишта кои постојат во нашиот и околните градови и условите кои е потребно да ги исполнуваат за да се запишат.Во соработка со нивните одделенски раководители во текот на целата година посебно ќе се обрне внимание на надарените ученици и учениците кои имаат посебни афинитети кон одреден наставен предмет. Доколку се овозможат поволни услови, во соработка со Советот на родители, можни се средби со родители кои имаат различни и специфични занимања.Нема да изостанат и посетите од страна на Средните училишта од градот и пошироко кои преку флаери, предавања, презентации ќе имаат директни претставувања пред учениците со што подиректно ќе ги запознаат со насоките и занимањата кои ги нудат.Кај одредени училишта со кои нашето училиште има долгогодишна и успешна соработка ќе се направат напори и за директна посета на наши ученици и поблиско апознавање со наставниот процес.

Сите овие активности ќе бидат иницирани од страна на Тимот за професионална ориентација а со помош и поддршка на одделенските раководители на учениците од деветто одделение, Наставничкиот совет, Советот на родители и сите оние субјекти чија помош ќе биде добредојдена.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во врска со оваа точка во училиштето се предвидени повеќе активности:

-Превентивни програми

За спречување на насилства и заштита на ученици се формираат тимови на безбедност во училиштето на ниво на секоја генерација од кои по еден ученик од генерацијата влегува во Тимот за безбедност на училиштето.Како одговорни лица се земаат координаторот и по еден одговорен наставник од соодветната генерација.Процедурата за избор се врши меѓу одделенијата од VI до IX одд. Изборот го врши класниот раководител избирајќи ученици кои се со подобар и послаб успех во учењето и во однесувањето.Целите се укажувња како треба еден уценик да се однесува и да ги почитува останатите ученици и своите соодленци,да не навредува, да не злоупотребува.

Во училиштето се планира да се организираат едукативни работилници со родители ,уценици и наставници.Се покануваат експерти за соодветна проблематика (претставници од МВР- Отсек превенција). Се планираат активности во училиштето како што се: јавни дебати, изработување на кодекси на однесување во училиштето, истакнување на правила на однесување во секоја училница, изготвување на хамери за превенција од насилство и истакнување на истите на видно место. Учениците се водат во посета на простории во МВР Куманово, на разни манифестации, спортски активности и сл. За пријавување на ученик-жртва се водат месечни извештаи( пополнување на месечни формулари за пријавување на инциденти во училиштето) и се испраќаат до одговорните лица во Отсек за превенција при МВР Куманово.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Според Закон за основно образование учениците од прво до трето одделение се следат и описно се оценуваат. Објективноста на наставниците при описно оценување во овие одделенија е предмет на следење на претходно формирана училишна комисија.

Заради реално и објективно вреднување и оценување  на вложениот труд и постигнатите резултати, предмет на следење  со оваа програма ќе бидат: учениците, наставниците, стручните соработници и работата на директорот. Истото ќе биде регулирано со Правилник за награди, пофалби и казни.

Следењето и вреднувањето на учениците  ќе го реализираат  наставниците  во одделенската и предметна настава. Ќе се настојува вреднувањето (формативно и сумативно, по претходно изготвени стандарди и критериуми за оценување за што  наставниците  преку стручните активи ќе изготвуваат контролни тестови, контролни задачи, наставни ливчиња  и други инструменти на ниво на предмети и  генерации.

Заради подобрување на објективноста и транспарентноста на процесите на следење, оценување и вреднување на постигањата на учениците, наставниците водат ученички и наставнички портфолија во кои уредно и систематизирано стојат сите забелешки, препораки и горе-наведените инструменти за следење, оценување и вреднување.

Систематски, особено во второто полугодие ќе се следат ефектите од активностите предвидени во приоритетите. Еднаш месечно ќе се состанува тимот одговорен за следење на реализацијата на ВОП, а стручните активи според динамиката на својата програма. На крај ќе следи евалуација со одредени инструменти.  Во следењето и вреднувањето на ученичките знаења заедно  со наставниците свој придонес ќе дадат и стручните соработници.

Со воведувањето на е-дневникот во наставата увид и свој придонес во вреднувањето на ученичките знаења како и работата на наставниците имаат и родителите.

Работата и резултатите од неа кај наставно-воспитниот  персонал  ќе ја следи директорот и работниците од стручната служба во соработка со стручните работници од БРО. Предмет на следење ќе бидат нивните Годишни глобални, тематски и дневни оперативни планирања. За пообјективно вреднување ќе се практикува и посета на часови со однапред утврдена цел. Ќе се настојува ова следење да биде под исти услови и под исти критериуми  за сите наставници.

Предмет  на следење ќе бидат и активностите  од вон-наставните подрачја, а посебно подрачјето слободни ученички активности. Посебно ќе се вреднуваат  активностите на наставниците  кои со своите секции на слободни ученички активности ќе допринесат за афирмирање на училиштето во локалната средина  и пошироко од неа.

Во согласност со законските одредби за оценување на наставниот кадар, училиштето континуирано ќе врши следење и вреднување согласно со пропишаните критериуми од МОН и БРО.

Во нашето училиште постои процедура регулирана со Статутот на училиштето, според која учениците што повторуваат можат одлуката да ја обжалат првично до Училишниот одбор, а потоа и до Просветниот државен инспекторат. Училиштето ги запознава учениците и родителите со активностите што ги превзема за поднесување на жалба при повторување на учебната година. Анкетата спроведена со ученици и родители го потврдуваат искажаното.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тим за следење, анализа и поддршка на оценување во училиштето се стручната служба на училиштето: Милена Пауновиќ – специјален едукатор, Јадранка Арсовска - психолог и Александра Стаменовска - педагог под надзор на директорот на училиштето, Мирољуб Пауновиќ. Во училиштето и ова учебна година ќе работи Тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Во училиштето редовно се прават споредбени анализи по паралелки, генерации и предмети сѐ со цел подобрување на успехот на учениците и подобрување на квалитетот на наставата. Тимот има изготвена процедура за поплаки и жалби по добиени оценки и начини на информирање на родителите и учениците. Според правилник за избор на ученик на генерација овој тим изработува критериуми и стандарди за бодирања на постигањата на пријавените ученици. Ученикот со најголем број на поени се избира и иманува за ученик на генерација.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

За подобрување на квалитетот на наставата директорот и стручните соработници организират посета на наставните часови и воннаставните активности. Посетата се врши според претходно изготвен план на месечно ниво и се користи протокол за посета на час. Планот за стручни посети и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар е дел од годишните програми за работа на директорот и стручните соработници. Ова учебна година ќе се стави акцент на реализирање на настава според Наставен план и програма за прво и четврто одделение според новата концепција за основно образование.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во учебна 2020/2021 година требаше да се изработи нова самоевалуација на училиштето. Истото не е реализирано поради прекинување на редовна настава во училиштата со цел заштита на учениците и вработените од пандемија КОВИД-19. Оваа учебна година според измените во Законот за образование на Република Северна Македонија ќе се формира тим за Самоевалуација на работењето на училштето составен од пет члена, а резултатите од Самоевалуцијата ќе бидат објавени на интернет страницата на училиштето, општината и доставени до Државен испитен центар.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изработено програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од приридни и други несреќи-пожари, поплавии слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште и истите се чуват во архивот на училиштето. Обука за прва помош и заштита имаат посетено пет наставници од училиштето.

### 17.1. Протокол за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно-образовниот процес на ученици во учебна 2021/2022 година

Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година

1. Наставниот процес во учебната 2021/2022 година се одвива со физичко присуство во училиштето.
2. Првиот ден од наставата задолжително започнува со упатства за учениците за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.
3. Училиштето за влез и излез на учениците ги става во функција сите влезови на училишната зграда и изготвува распоред за влез/излез соразлично време на влегување и излегување на учениците за секое одделение.
4. Распоредот за влез/излезсе истакнува на видни места во училиштето.
5. На влезот од училиштето, во ходниците и училниците се поставуваат едукативноинформативни материјали, насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето и средства за дезинфекција на раце.
6. Влегување во училиштето е дозволено само со задолжително користење на заштитна маска и дезинфекција на рацете за сите вработени и ученици во училиштето.
7. На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник кој му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.
8. За контролиран влез и излез во/од училиштето, пред и внатре во училиштето, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците и тоа 2 редари пред влезот на училиштето и 2 редари во училиштето. Редарите се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на основното училиште.
9. На учениците кои доаѓаат со организиран превоз, им се мери телесната температура пред влегување во автобусот и се врши дезинфекција на рацете и обувките. Учениците кои имаат зголемена температура (над 37.4°) се враќаат дома со препораки родителот да превземе соооветни здравствени мерки. Превозниците кои вршат превоз на ученици ги почитуваат и применуваат протоколите за превоз на патници.
10. На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37.4°) вработениот се упатува кај матичен лекар.
11. На учениците пред влезот на училиштето,им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на зголемена телесна температура (над 37.4°) не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
12. Родителите/старателите/ ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.
13. Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравување меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците. 2
14. Наставниците треба да избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничката канцеларија и задолжително запазуваат физичка дистанца и носење на заштитна маска/прекривка на лице.
15. Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците, или доколку дозволуваат временските услови на отворено.

16. Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците, се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден. Училиштето изготвува листа на сите површини кои треба редовно да бидат чистени.
17. Учениците од една паралелка престојуваат во една просторија, без можност за мешење на ученици од различни паралелки во иста училница;
18. Просториитезадолжително се проветруваат после секој наставен час, најмалку половина час пред пристигнување и по заминувањето на учениците.
19. За време на наставата во училницата, доколкудозволуваатвременскитеуслови, се остава отворен прозорец. Во училницата (доколку ги има) се избегнуваупотребата на уреди за климатизација и вентилација.
20. Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство на производителот.
21. Во случаите на кабинетска настава, заради грижа за здравјето на учениците, се воведувасистем за еднонасочно движење на учениците и контролираноизлегување и влегување во кабинетите. По излегувањето на еднатагрупаученици, задолжително се проветрувапросторијата и се вршидезинфекција , по што се дозволува влез на вторатагрупа на ученици
22. Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре).
23. Тоалетитетреба да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун и почесто се чистат со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.
24. Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.
25. Чистењето на фискултурната сала, спортските игралишта, соблекувални, училишните трпезариии другите помошни простории, се врши веднаш по користењето од страна на секоја група ученици.
26. Училиштата воведуваатсистем за еднонасочно движење на учениците низ просториите и ограничување на бројот на лица кои истовремено се присутни во соблекувалните и контролираноизлегување и влегување во соблекувалните.
27. Во основните училишта каде има продолжен престој, потребно е истиот да биде организиран во рамките на расположливите просторни капацитети и да се реализира со 3 ученици од иста паралелка и од исто оддление (без мешање на децата од различни одделенија или паралелки).
28. Учениците кои носат оброк/храна од дома треба да биде соодветно спакуван или готов производ, притоа водејки сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца.
29. Храната која се подготвува во училишните кујни за децата со продолжен престој, треба да биде со стриктно почитување на правилата за добра производствена и хигиенска пракса утврдена со Закон за безбедност на храна, како и HACCP стандардите и Протоколите за заштита од Ковид 19.

30. Послужувањето на оброците се реализира во училишните трпезарии водејќи сметка да не дојде до мешање на ученици од различни паралелки.
31. Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
32. Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории треба да биде од група ученици од иста паралелка, така што да нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки(пр. За време на еден наставен час, една паралелка е во фискултурната сала, а две паралелки се надвор во училишниот двор или на спортските терени).
33. Преминувањетониз заедничките простории треба да се организира така што додека учениците и наставниците од една паралелка поминуваат во исто време, учениците и наставниците од другите паралелки го чекаат својот ред, притоа укажувајќи им на учениците да не допираат површини или предмети во просторот каде се движат.
34. Треба да се избегнува влегување на други лица (на пример, за чистење, поправка или внесување храна) во училниците сè додека учениците се наоѓаат во нив, како и влегување во училишната зграда на лица кои не се вработени во училиштето или деца кои не се ученици на тоа училиште.
35. Испораките за потребите на училиштата ја преземаат надлежните, вработени во училиштата од споредниот влез на училиштето (доколку има таков влез училиштето), а главниот влез е дозволен само на сервисерите и другите служби чии услуги се неопходни (пр. спроведување на превентивни и анти-епидемични мерки како што се проверка на вода за потрошувачка, безбедност на храна и др.) со задолжително почитување на мерката за дезинфекција на рацете и доколку е потребно носење заштитна маска/прекривка и заштитници за обувките.
36. Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19,лицето треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а директорот треба да воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.
37. Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
38. Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје која итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.
4 Напомена: Заради специфичната дејност на државните основни училишта (училишта со ресурсен центар, училишта со ресурсен центар и интернатско сместување, државното музичко и балетско училиште), доставуваат Протокол за настава со физичко присуство содополнителни мерки за заштита од КОВИД - 19.

ПЛАН ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ОПШТИ ОДРЕДБИ

Одлуката на Министерството за образование и наука (МОН) за повторно отворање на училиштата во учебната 2021/2022 година го зема предвид фактот дека училиштето е од суштинско значење

за образованието и благосостојбата на децата и учениците. За донесување на одлука за повторно отворање на училиштата се направи општа проценка на ризиците, при што се земаа во предвид епидемиолошките фактори, степенот на вакцинација на наставниот кадар, образовниот систем, здравствениот систем и капацитетот на јавното здравство, ангажманот на заедницата и државниот капацитет за одржување на социјална и економска поддршка на најранливите. Планот на Министерството за образование и наука (МОН) за започнување на учебната 2021/2022 година се базира на потребата да се добијат максимални придобивки за учениците, наставниците и вработените во училиштата и поширокaта заедница, а воедно да не дојде до повторно ширење на КОВИД19 во нашата држава, имајќи предвид дека едно од основните човекови права покрај образованието е и правото на здравје. Овој план ги објаснува чекорите кои треба да ги преземат основните и средните училишта за да ги обезбедат потребните мерки за заштита и со тоа да го намалат ризикот од ширење на корона вирусот (КОВИД-19). Планот за одржување на наставата во учебната 2021/2022 година и Протоколот обезбедуваат рамка за училиштата за начинот на започнување и продолжување на образовниот процес во основното и средното образование. Во овој период училиштата ќе треба да ги прилагодат условите за реализирање на наставата согласно Планот и Протоколот со цел обезбедување непречен воспитно-образовен процес. Не е возможно да се предвиди дали и кога ќе се промени епидемиолошката состојба во државата, или некој регион или општина, па затоа сите треба да бидеме подготвени на можноста за промена на начинот на спроведување на наставата и преминување на модел кој во одредена ситуација ќе биде најприменлив. За брзи промени треба да бидат подготвени сите, од директорите, до наставниците и стручните служби, останатите вработени во училиштата, како и учениците и нивните родители/старатели, но и сите оние кои допринесуваат за помош и поддршка не само во реализацијата на планираните наставни часови, туку и во овозможувањето на квалитетно воспитание и образование.

2 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во основните училишта во учебната 2021/2022 година воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата, согласно Наставниот план за учебната 2021/2022 година, во училница со стандардна големина. Наставата во основното образование може да се реализира преку три модели: 1. физичко присуство на учениците во училиште; 2. учење на далечина или 3. комбинирање на физичко присуство и учење од далечина во групи

1. НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ

   Доколку епидемиолошката состојба во државата е стабилна, наставата во основните училишта се одржува со физичко присуство на учениците во училиште со почитување на Протоколот за настава со физичко присуство. Наставниот час трае 40 минути во наставата со физичко присуство Секое училиште води евиденција на дневна основа за присуство на наставниците. Реализацијата на наставата, отсуствата на учениците се евидентира во е-дневник. Наставниците во училиштето доаѓаат најмалку половина час пред отпочнување на наставата и учествуваат во организирањето и спроведувањето на влегувањето на учениците согласно распоредот на часови и Протоколот. Секое училиште за пристигнувањето, за заминувањето на паралелките во и од училиштето, за смените, користењето на големиот одмор изготвува распоред. Училиштата го прилагодуваат и усогласуваат Куќниот ред на училиштето со Планот и Протоколот за настава со физичко

присуство. За учениците наставата се реализира со физичко присуство во просториите на училиштето, со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето и со задолжителна примена на сите заштитни епидемиолошки мерки утврдени во Протоколот за настава со физичко присуство. Исклучок од правилото: - за учениците кои припаѓаат на ризична група ученици и имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство, наставата ја следат преку учење од далечина. Родителот/старателот до училиштето доставува медицинска документација и потврда од матичен лекар 3 - за учениците кои се позитивни на Ковид 19 или се во самоизолација, наставата може да се реализира преку учење од далечина Учениците кои следат настава од далечина се вклучуваат на часот во истото време додека наставникот го одржува часот со учениците кои следат настава со физичко присуство. Учениците од пониските одделенија на основното образование треба почесто да се потсетуваат на мерките за заштита согласно Протоколот за настава со физичко присуство, со оглед на фактот дека сега се запознаваат и воведуваат во почитување на редовните училишни правила. Треба да им се нагласи дека не треба да ги споделуваат своите работи (моливи, гумички и сл.) согласно околностите и дека другарството може да го изразат на други начини прифатливи за сегашната ситуација, пример преку меѓусебно потсетување да ги почитуваат правилата за заштита и правилата во училница и со други соодветни креативни активности преку кои ќе се работи на развивање на чувството на емпатија. Одмор за време на наставата со физичко присуство Малиот одмор се користи во траење од 5 минути меѓу часовите и голем одмор во траење од 15 до 20 минути. За време на одморите задолжително се почитуваат мерките за заштита согласно Протоколот за настава со физичко присуство, и потребно е да се намали колку што е можно повеќе физичкиот контакт меѓу учениците. За време на големиот одмор кога учениците се во училишниот двор, задолжително се спроведува чистење на училниците со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство на производителот и задолжително се проветруваат просториите. 2. НАСТАВА СО УЧЕЊЕ ОД ДАЛЕЧИНА

Доколку епидемиолошката состојба во државата или во одредени региони или општини се промени и се забележува повторно ширење на вирусот на Ковид 19, Владата по препорака на Комисијата за заразни болести, може да донесе одлука наставата, заради заштита на здравјето на учениците, за учениците од петто до деветто одделение да се спроведе со учење од далечина. При настава со учење на далечина, наставниот час трае 30 минути час со 5 минути приклучување. Наставата со учење на далечина, наставниците ја реализираат од училница во училиштето со користење на националната платформа. Директорот на училиштето се грижи за целосна покриеност со интернет конекција во сите училници во училиштето. Во исклучителен случај кога во училиштето нема добра интернет конекција и истата не може да се обезбеди, наставникот часовите може да ги одржува и од дома, по претходно добиена писмена согласност од страна на директорот на училиштето. При настава со учење на далечина работниот ден на ученикот трае од 3 до 5 саати дневно, во зависност од возраста на учениците и одмор од 10 (десет) минути по секој наставен час или активност. 4 Само училиштата кои ги исполнуваат условите во Протоколот за настава со физичко присуство и Планот и имаат добиена согласност од Владата да реализираат настава со физичко присуство и за учениците од четврто до деветто одделение за претходната учебна 2020/2021 година, продолжуваат со настава со физичко присуство.

Реализација на наставата со физичко присуство во училиште за учениците од четврто до деветто одделение, чиј основач е Владата и имаат добиено согласност од Владата за настава со физичко присуство за претходната учебна 2020/2021 година, продолжуваат со настава со физичко присуство. Основните училишта кои имаат комбинирани паралелки од прво до петто одделение, може да реализираат настава со физичко присуство на учениците доколку имаат просторни услови, согласност од родителите/старателите, ги исполнуваат условите во Протоколот и имаат добиена согласност од Владата за претходната учебна 2020/2021 година. Учениците во наставата со физичко присуство се вклучуваат со согласност од родителот/старателот. Во основните балетски и музички училишта во кои се реализира настава за уметничко образование и основните училишта со ресурсен центар, заради специфичната воспитно-образовна дејност која ја вршат, начинот на реализирање на наставата го утврдуваат со посебен План и Протокол, а наставата ја реализираат согласно со Одлуката од Владата на Република Северна Македонија која ја имаат добиено за минатата учебна 2020/2021 година. Стручните соработници во училиштето или образовните асистенти кои обезбедуваат поддршка на учениците со попреченост, продолжуваат со поддршката на образовниот процес на учениците во училиштето или во домот на ученикот и треба да бидат во постојана комуникација и координација со инклузивниот тим во училиштето и родителите. Образовниот асистент или стручните соработници од училиштето начинот на поддршката на образовниот процес на ученикот ја договара во директна соработка со родителот/старателот. Училиштата кои имаат асистивна технологија, ја ставаат на располагање на учениците кои имаат потреба од неа и во домашни услови

2. НАСТАВА СО КОМБИНИРАН МОДЕЛ - со комбинирање на наставата со физичко присуство и учење од далечина во групи

Доколку епидемиолошката состојба во државата или во одредени региони или општини се промени и се забележува повторно ширење на вирусот на Ковид 19, Владата по препорака на Комисијата за заразни болести, може да донесе одлука наставата, заради заштита на здравјето на учениците, за учениците од петто до деветто одделение да се спроведе со комбинирање на настава со физичко присуство и со учење од далечина. 5 Овој модел на настава подразбира дека дел од учениците ја следат наставата со физичко присуство, а дел со учење од далечина ( учениците од прво до четврто одделение, наставата ја следат во училиште, додека учениците од петто до деветто одделение наставата ја следат дел во училиште, дел со учење од далечина). За учениците од прво до четврто одделение наставата се реализира со физичко присуство во просториите на училиштето, со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето и со задолжителна примена на сите заштитни епидемиолошки мерки утврдени во Протоколот за настава со физичко присуство. За учениците од петто до деветто одделение наставата се реализира со делење на одделенијата на две групи: - едната група наставата ја следи со физичко присуство, а втората група преку учење од далечина. Групите на ученици по циклуси треба да бидат постојани (непроменливи) Исклучок од правилото: - за учениците кои припаѓаат на ризична група ученици и имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство, наставата ја следат преку учење од далечина. Родителот/старателот до училиштето доставува медицинска документација и потврда од

матичен лекар - за учениците кои се позитивни на Ковид 19 или се во самоизолација, наставата може да се реализира преку учење од далечина Учениците кои следат настава од далечина се вклучуваат на часот во истото време додека наставникот го одржува часот со учениците кои следат настава со физичко присуство. Ученици кои немаат ИКТ /смартфон или интернет при настава со учење од далечина или комбиниран модел За учениците кои немаат пристап до ИКТ или интернет, при настава со учење од далечина училиштето може да организира настава со физичко присуство во училиште, со согласност од родителите/старателите и исклучива согласност од Владата. Доколку родителите не се согласуваат наставата да биде со физичко присуство, училиштето може да обезбеди ИТ уред кој се дава на користење или изготвува печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/образовниот асистент или следење на едукативни емисии на МТВ. Покрај ова во интерес на децата, училиштето во договор со родителите договараат најбезбеден начин за давање и преземање на ИТ уредите, учебните материјали, домашните задачи и други училишни обврски за учениците

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Грижата за здравјето е обврска и потреба на секој поединец, па интерес и обврска на училиштето е низ наставата по физичко и здравствено образование, природните науки, слободните ученички активности, како и содржините на часот на одделенски раководител да ги запознае учениците со анатомската и биолошката градба на човечкиот организам, потребата од негова правилна исхрана, одржување, рекреирање и спортување, а се со цел одржување на здраво тело, здрав дух и правилен психо-физички развој на учениците. Во соработка со Медицински центар, Куманово училиштето организира редовни систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки прегледи и предавања за учениците од I до IX одделение.
Во однос на зајакнување на безбедноста на учениците и превенција од насилство, училиштето изработи правилници и процедури кои регулираат одредени аспекти од работата на училиштето.

### 18.2. Систематски прегледи

Во согласност со јавните здравствени установи во училиштето учениците редовно се повикуваат на систематски прегледи. Во овие прегледи се опфатени ученици од II, IV, VI и VIII одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од несакани здравствени проблеми и истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата по завршување на наставата,а учениците ќе бидат предводени од своите класни раководители.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците ќе се изведува според календарот за имунизација и вакцинација од здравствената амбуланта, учениците се вакцинираат во училиштето од страна на медицински лица. Одговорно лице од училиштето е педагогот.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во училиштето не се организира оброк за учениците. Едукацијата за здрава исхрана на учениците ќе се изведува континуирано преку едукативни предавања од страна на наставниците. Ќе се стави акцент на здравата исхрана богата со витамини и минерали, зголемена физичка и спортска активност, намалено време на работа со компјутери за подобрување на физичкото, менталното и социјалното здравје.
Темите на предавањата ќе бидат изработени од наставниците и усогласени со наставните содржини како дел од часови на одделенска заедница и вонаставни активности. Во дел од овие активности како предавачи ќе бидат вклучени и родители на учениците со соодветно образование. Тие ќе имаат за цел едукација на учениците за здрава исхрана и подигање на свеста за правилна исхрана, како и заштита на забите од бактерии и кариес по секој оброк.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина училиштето има изработен распоред на дежурни наставници, ученици и помошен персонал. Дежурните наставници и ученици ќе водат писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите. Распоредот на настваниците и нивни обврски за дежурства се уредени со Правилник за дежурства на наставниците.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во нашето училиште, на самиот почеток од учебната 2021/22 година ќе се оформи Тим за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето.Во него ќе учествуваат:

1.Мирољуб Пауновиќ, директор;

2.Елена Алексиевска, професор по англиски јазик;

3.Магдалена Аневска, професор по ликовно образование;

4.Валентина Стошевска, одделенски наставник;

5.Претседател на УП;

6.Ученик правобранител.

Тимот, непосредно по неговото конституирање, ќе се состане да изготви Програма за работа за тековната учебна година, а во која задолжително треба да ги вметне и веќе традиционално постоечките активности во училиштето од овој вид како што се:

-естетско уредување на просторија за прием на првачиња;

-естетско уредување на просторија за прием на ученици во Детска организација;

-естетско уредување на училници и училишни холови за Нова година;

-реализирање на акцијата од претходниот УП за избор на најчиста училница(запознавање со правилата, следење, бележење, избор и награда за две паралелки со континуирано најчисти училници-патување на поблиска дестинација според можностите на училиштето);

-организирање на изложби во училишниот хол по повод разни празници или по иницијатива на учениците;

-уредување на ѕидот на нашите првенци, по иницијатива на учениците;

-уредување на паното во главниот хол по разни поводи и манифестации.

Тимот воедно до раководството на училиштето ќе достави со Програмата и список на потребни ресурси за реализација на истата.Раководството ќе обезбеди дел од потребите, а дел ќе се бараат начини за нивно обезбедување преку донации, организирање на базари и сл

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено етички кодекси за ученици, наставници и родители кои се истакнати во училишниот хол, ходници и наставничката канцеларија. Исто така и секоја паралелка има изработени правила за однесување кои ги донесува одделенска заедница и истите се истакнати во училниците во училиштето. Кодексот можеда трпи промени и истиот се разгледува и ревидира по барање и од страна на учениците на ученички парламент, како и останатите релевантни фактори во училиштето.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето има формирано тим за прослави кој прибира понуди во зависност од организацијата и истите ги презентира пред останатите вработени во училиштето. Училиштето води грижа за организирање на заеднички  прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и слично кои имаат за цел  подигнување на квалитетот на комуникација,  меѓусебно почитување, доверба и соработка со што ќе се создаде основа за позитивна училишна клима. Овој тип на организирање на вработените во училиштето е исклучиво на доброволна основа.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Според Правилник за форма и содржината на личниот план за профосионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта донесен врз основа на член 28 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници наставниците и стручните соработници ќе изработат и достават до тимот за професионален развој во училиштето личен план за професионален развој до 10 септември, додека до 30 јуни ќе пополнат Реализација на професионален развој. Покрај тимот за професионален развој личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во училиштето ќе биде следен и од наставник-ментор.

Оваа учебна година ќе се постапува според Правилникот за награди и пофалби во кој се наведени и утврдени потребите и приоритетите кои произлегоа од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации, професионални компетенции на наставниците и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, со наведена процедура за избор на наставници за професионален развој.

## 20.2. Активности за професионален развој

Според Законот за наставници и стручни соработници наставниците се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Училиштето во континуитет го следи и се грижи за професионален развој на наставниците, а истите учествува на обуки, семинари, работилници од

кои имаат потреба и се врши дисеминација на стекнатите знаења и на веќе имплементирани активности во рамки на проектите во училиштето, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат следните приоритети за професионален развој.

### 20.3. Личен професионален развој

Освен со правилник за награди и пофалби училиштето има развиено стратегија за поединечното следењето и напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. За таа цел во согласност со Законот за основно образование во рамки на училиштето е формирана Комисија за професионален развој на наставниците и стручните соработници, како и наставник-ментор, кои ќе се грижат за личен професионален развој и напредување во звања.

На почетокот на учебната година за сопствено лично усовршување наставникот, наставник-ментор и стручниот соработник прават личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието.

### 20.4. Хоризонтално учење

Во училиштето функционира тим за професионален развој на наставниците, кој ги утврдува потребите за едукација и организира интерни обуки и нагледни часови со цел да се подобри квалитетот на наставата. Наставниците меѓусебно разменуваат искуства и знаења во рамки на стручните активи според претходно изготвени програми за работа на активите. Во рамки на годишните програми на стручните активи при училиштето се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, дисеминации, менторсства, организирање на отворени часови, работилници, презентации и слично со изготвен акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во претходните учебни години кариерниот развој на воспитно - образовниот кадар беше дел од приоритетите на гишните програми во форма на креирање на датотека на позитивни практики за размена на искуситва, знаења и материјали помеѓу наставници од сродни предмети, организирање на различни видови на обуки, семинари и работилници според потребите на наставниците и нивни десиминации, учество во бројни проекти и интеркултурни размени и мобилности се со цел поддршка на воспитно - образовниот кадар и нивно кариерно напредување. Според Законот за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници и Правилниците за кариерен развој наставниците имаат јасни критериуми и стандарди кои треба да ги исполнат за свое стручно унапредување.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Совет на родители во ООУ „Христијан Карпош“, Куманово работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Со годишна програма за работа на Совет на родители е предвидена динамика на состаноци, одговорни лица и број на членови во телото. Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состанок на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите. Сите одделенски раководители имаат утврдено термини за консултации, организиран распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла – катче за информирање на родители.

Оваа учебна година во време на пандемија и учење од далечина беше клучна соработката со родители на повеќе основи, посебно за учениците од прво до петто одделение. Во текот на учебната 2021/2022 година ќе се работи на изнаоѓање на начини и методи за продлабочување на овој тип на соработка се со цел поквалитетно учење од далечина.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во ООУ „Христијан Карпош“, Куманово, родителите се добредојдени и истите даваат придонес во имплементација и подобрување на наставата воопшто. Вклученоста на родителите во Училишниот одбор, соработка со: директорот на училиштето, наставниот кадар и стручната служба е подетално опишана во Годишните програми на истите. Родителите по барање на наставниците даваат континуирана подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата се вклучени во повеќе афирмативни акции за добробит на училиштето и сите релевантни фактори вклучени во истото. Родителите се вклучени директно во наставата како фасцилитатори според стручноста на родителот, Триаголникот наставник – родител – ученик за секоја паралелка одделно е предвиден со засебна годишна програма за соработка со родители и одбор на родители. Истата програма содржи број на групни, родителски и индивидуални средби, креативни и едукативни работилници, телефонски разговори, е-дневник и посета на семејства во соработка со стручната служба на училиштето.

Оваа учебна година училиштето ќе се залага за зголемен степен на застапеност на родители во имплементација на слободните ученички активности,активности во МИО, самоевалуација на училиштето и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други настани во училиштето. Родителите ќе бидат вклучени и во имплементација на мали училишни интеркултурни иницијативи – проекти кои се имплементираат со поддршка на ФОКИМ и како и ЕУ проектите поддржани Европска комисија. Во текот на оваа учебна година ќе биде изработен план за имплементација на активности (работилници, соопштенија и презентации) за детски права. Овие активности ќе се наменети за ученици, родители и наставници.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници и советувања.

Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и групни, посета на семејства се применуваат по барање и потреба за поддршка на наставник кај поединечни случаи за надминување на потешкотии и аномалии со кои се соочуваат учениците.

ООУ „Христијан Карпош“ има тим за подготовка и реализација на брошура која се подготвува во текот на учебната година и се споделува со родителите во мај – јуни се со цел подетално информирање на истите за животот и работењето на училиштето. Оваа учебна година ќе се изработи и информативна брошура за активностите и резултатите од нивна реализација во рамките на училиштето чија дистрибуција очекуваме да придонесе поголем опфат на ученици во училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Во рамки на училиштето е формирана и работи комисија за односи со јавноста по претходно изготвена годишна програма со јасно прецизирани цели, активности, временска рамка, носители, ресурси и очекувани резултати. Во текот на учебната година се планирани повеќе промотивни настани, презентации, работилница и имплементација на веќе одобрени проекти за кои локалната заедница ќе биде изветувана преку усна, пишана и електронска комуникација, состаноци, средби, дебати, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и друго. Проектите кои се имплементираат во училиштето ќе бидат регулирани со Меморандуми за соработка. Проектниот тим на училиштето во текот на целата учебна година ќе работи на подготвување и аплицирање на нови предлог проекти за што ќе бидат информирани локалната заедница и локалната самоуправа и сите релевантни фактори вклучени во работењето на училиштето.

Со годишна програма на комисија за училишни натпревари при училиштето се испланирани и ќе се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали и друго.

Училиштето континуирано соработува со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование  како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки,  други основни и средни училишта и факултети и др. Како резултат на соработката на училиштето со ЛС е изградена современа училишна спортска сала и рекреативен детски центар во училипниот двор. Со поддршка на ЛС, МЦМС, ЗГ „Дром“ беа санирани и реконструирани дел од санитарните јазли и канализација. ЛС и градоначалникот на општина Куманово дава несебична поддршка и при имплементација на повеќе проекти во училиштето. Во училиштето се имплементираат и неколку проекти поддржани од МОН и МВР, Чекор по чекор како резултат на успешната соработка и слично. Оваа учебна година како резултат на успешната соработка ќе се реновираат најмалку пет училници (под и цокла) како дел од проектот „Зајакнување на општински совети“.

Училиштето соработува со бројни невладини организации во општината, државата и пошироко.

Училиштето соработува со повеќе релевантни фактори вклучени во спорт и тоа :„Open fun footbal“, Друштво за училишен спорт на град Куманово и републиката, Детско одмаралиште „Михајлово“, Кошарски клуб „Милановски“, Ркометна академија „Металург“, ФФМ, Сектор за спорт при општина Куманово и други.

Училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените ќе соработува со медицински центар, центар за социјални грижи, фонд за здравство, осигурителни компании и други. Исто така се предвидени и работилници на едукативни теми за здравјето на учениците.

Промотивните настани и манифестации кои ќе се организираат во текот на учебната година ќе бидат медиумски покриени. Тимот за односи со јавноста во годишната програма има предвидено и изработка на училишни флаери (за постигања, упис на првачиња), изработка училишен весник и друго.

Во соработка со МОН и Ресурсни центри за поддршка на ученици со попреченост или училишта со ресурсен центар од оваа учебна година ќе работи на вклучување на образовни медиатори, образовни ментори за работа со ранливи категории на ученици и вклучување на дефектолози, специјални едукатори и рехабилитатори во рамки на инклузивен тим и тим за училишна интеграција.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на наставата на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Анализи по класификациони периоди и извештаи од натпревари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрен успех на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во учењето. | Табелари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрен квалитет на наставата | Анкета | стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрен успех на ученици | Табелари | Наставници и стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрени услови за работа во училиштето | Фотографии пред и потоа | Директор и одговорни наставници | Родители и локакна заедница |

## 28. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Сите сегменти од работењето на училиштето се опфатени и испланирани во рамки на годишната програма за работење на ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово. Како и секоја учебна година така и учебна 2021/2022 ќе се евалуираат активностите со годишната програма за работа на училиштето. Секој наставник, стручен соработник, директор, тело, тим, комисија и стручен актив континуирано собира докази за своето работење и постигнати резултати, а исто така и води записници и извештаи за својата работа. Во кварталните извештаи за работењето на училиштето се сумираат податоци, резултати, заклучоци и препораки кои се споделуваат со вработените на средбите на

наставнички совет. Секоја учебна година се збогатува датотеката на инструменти, протоколи и интерни правилници со цел реална евалуација на реализирани активности и креирање на остварливи препораки и предлог активности за детектирани предизивици во училишното работење. Во поголем дел од евалуација на активностите покрај одговорните тимови ќе бидат и вклучени ученици и ученичкиот парламент за прибирање на релевантни информации за областите од работењето на училиштето од кои се засегнати истите.

## 29. Заклучок

Оваа годишна програма е сеопфатна и располага со сите податоци за ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово како и сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места на наставниот кадар и вработените, број на паралеки , ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава (редовна, изборна, практична, додатна и дополнителна, слободни часови) оценување и самоевалуација, воннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето, комуникација со јавноста, промоција, следење и евалуација.

Систематски и квалитетно изготвена Годишна прорама на училиштето ни овозможува навремено планирање на предвидените активности кои имаат за цел овозможување воспитание и образование на учениците на највисоко ниво.

Со изготвување на Годишната програма добиваме краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, евалуациско следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето. Истата се базира на закони и правилници и други препораки кои се релевантни за успешно училишно работење, како и искуства од претходните години и далечинско учење за време на пандемија.

Сеопфатноста и опсегот на податоци во годишната програма налагаше транспарентен процес при изработка и вклученост на 80% од воспитно – образовниот кадар на училиштето според своите афинитети и области на делување.

## 30. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Мирољуб Пауновиќ – директор

Лидија Костиќ – одделенски наставник

Александра Павловска - одделенски наставник

Весна Алексова – предметен наставник

Виктор Трајковски – предметен наставник

Александра Стаменовска - педагог

Јадранка Арсовска - психолог

## 31. Користена литература

- Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2020/2021;
- Годишен извештај за учебна 2020/2021;
- Програми за работа на стручни активи, тела и комисии и извештаи од нивно работење;
- Развојно планирање на училиштето;
- Самоевалуација;
- Извештај од пописна комисија;
- Лични професионални планови на наставници и стручни соработиници;
- Професионални и развојни портфолија на наставниците и стручните соработници;
- Развојни, годишни, месечни/тематски и оперативни планови за работа на наставниците;
- Интерни процедури и правилници;
- Извештај од интегрален увид на училиштето од 2019 година;
- Статистички податоци;
- Проектни планови и извештаи на проектниот тим;
- Годишни планирања и извештаи за МИО и ЕКО активности;
- Квартални табелари за успех, редовност и поведение на учениците во училиштето;
- Ивештај за финансиско работење на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа;
- Наставни планови и програми;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Нова концепција за основно образование во прво и четврто одделение;
- Одлука за изменување и дополнување на одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS – CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена;
- Одлика за распределба и систематизација на работни задачи во училиштето;
- Статут на училиштето;
- Етички кодекс;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното образование;
- Правилник за личен план за професионален развој;
- Правилник за начин на избор на училиштето, поблиските критериуми и начин на организирање на наставата во домашни услови;
- Правилник за работа на комисии;
- Правилник за работно време;
- Правилник за наградување на ученици и наставници;
- и други релевантни акти и документи.

### ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**-**Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител, кои училиштето ги има и ги чува во својата архива.

**Прилог 1:** **Годишна програма за работа на Директор**

**Прилог 2:** **Годишна програма за работа педагог**

**Прилог 3:** **Годишна програма за работа психолог**

**Прилог 4:** **Годишна програма за работа дефектолог**

**Прилог 5:** **Годишна програма за работа на библиотекар**

**Прилог 6:** **Годишна програма за работа Училишен инклузивен тим**

**Прилог 7:** **Годишна програма за работа Училишен Тим за МИО**

**Прилог 8:** **Годишна програма за работа Училишен Тим за професионален развој на наст.кадар**

**Прилог 9:** **План и програма за работа за Антикорупциска едукација**

**Прилог 10:** **Годишна програма за работа на ЕКО-тим**

**Прилог 11:** **Куќен ред на училиште**

32. **На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.**

***Место за печат***

***Датум  и потпис на директот***

***Потпис на претседател на УО***